# РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Извештај од спроведено истражување



Оваа публикација е изготвена од тимот на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието имплементиран од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Бирото за развој на образованието, со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на документот им припаѓа на авторите и не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) или на Владата на Соединетите Американски Држави.

**Наслов:**

РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА
Извештај од испитувањето

**Издавач:**

Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)

**Автори:**

Ајше Ајрулаи
Митко Чешларов
Жанета Чонтева
Ана Мицковска Ралева

**Дизајн:**

Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.5.035(497.7)"2019"(047)

РЕАЛИЗАЦИЈА на наставата по граѓанско образование во средните училишта : извештај од спроведено истражување / [автори Ајше Ајрулаи ... и др.]. - Скопје : Македонски центар за граѓанско образование, 2020. - 53 стр. : илустр. ; 30 см

Други автори: Митко Чешларов, Жанета Чонтева, Ана Мицковска Ралева. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4529-82-8

1. Ајрулаи, Ајше [автор] 2. Чешларов, Митко [автор] 3. Чонтева, Жанета [автор] 4. Мицковска Ралева, Ана [автор]
а) Граѓанско образование -- Средни училишта -- Македонија -- 2019 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 52153605

# СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД** 5

**2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** 8

2.1 МЕТОДИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ 8

2.2 ПРИМЕРОК 9

2.3 ПРИБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ 11

**3. АНАЛИЗА НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ** 12

**4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** 19

4.1 МИСЛЕЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ И НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ 19

4.2 СОГЛЕДУВАЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ ЗА МЕТОДИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА 33

4.3 ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА ПО ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ 37

4.4 СОГЛЕДУВАЊА ЗА МАТЕРИЈАЛИТЕ ЗА УЧЕЊЕ 39

4.5 СОГЛЕДУВАЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ 41

**5. СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ОД НАОДИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** 44

**6. ПРЕПОРАКИ** 47

**ПРИЛОЗИ** 51



# ВОВЕД

# 1. ВОВЕД

Во текот на 2017 година, Министерството за образование и наука (МОН) и Бирото за развој на образованието (БРО) почнаа процес за унапредување на содржините по граѓанско образование и за воведување методи за поттикнување на активното вклучување на учениците во активности за позитивна промена во рамки на училиштето и на заедницата.

Во соработка со проектот на УСАИД „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО)“ и со проектот „Јакнење на мултиетничката соработка во општините“ на Детската фондација Песталоци, а кои ги спроведува Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), се работи на унапредување на наставните програми, како и на изготвување компетенции што треба учениците да ги стекнат во текот на своето образование. Овие компетенции се поврзани со крајот на секој образовен циклус, односно со завршувањето на основното и на средното образование. Компетенциите се групирани во неколку категории како: знаење и разбирање; вештини (когнитивни и вештини за граѓанско учество); ставови и вредности и граѓанско однесување.

Компетенциите се користени како основа за дефинирање на резултатите од учењето при изработката на новите наставни програми за граѓанско образование во осмо и во деветто одделение, како и на модуларно дизајнираната програма за прва година за средните стручни училишта.

Во согласност со наставните програми за осмото и за деветто одделение од основното образование, подготвени се материјали за поддршка на наставата и на учењето по предметот Граѓанско образование (Водич за ученици за осмо одделение и Прирачник за наставници за деветто одделение), а спроведени се и обуки за новиот концепт на граѓанско образование.

Во наставната програма за средно образование, темите односно модуларните единици соодветствуваат на темите од наставните програми за осмо и за деветто одделение, односно на содржинските подрачја од граѓанските компетенции, но се продлабочени во однос на нивото на очекуваните резултати од учењето на учениците. Во текот на учебната 2018/19 година, модуларно дизајнираната програма се пилотираше во осум средни стручни училишта во нашата земја. Пилотирањето даде одлична можност за поставување на истражувачки прашања за учениците и за наставниците со кои може да се утврдат предностите и предизвиците што ги носи реализацијата на новата модуларно дизајнирана програма. Дополнително, добиените резултати можеа да се споредуваат со двете „контролни“ групи на ученици и на наставници што работат по старите програми за граѓанско образование во средните стручни училишта и по програмата за проектната активност за Граѓанска култура во гимназиското образование. Според старата наставна програма, Граѓанското образование се изучува во четврта година од средното стручно образование.

# ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето имаше цел да се утврди актуелната состојба во поглед на планирањето и на реализирањето на наставата по Граѓанско образование и на проектната активност Граѓанска култура во средните училишта во Република Северна Македонија (стручни и гимназиски) за да се дефинираат конкретни насоки за подобрување на квалитетот на процесот на поучување и учење на часовите по наставниот предмет Граѓанско образование.

Истражувањето беше насочено, пред сè, кон давање одговор на следните прашања:

➡ **Предмет и програма**

Какви се перцепциите на наставниците и на учениците за потребата од Граѓанско образование (изучуван предметно, меѓупредметно и воннаставно)?

Какви се перцепциите на наставниците и на учениците за релевантноста на содржините во пилотираната (модуларно дизајнирана) наставна програма по Граѓанско образование?

➡ **Настава и учење**

Какви се ставовите на наставниците во поглед на можноста за постигнување на различните нивоа граѓански компетенции на учениците?

- Методи и техники за настава и учење за постигнување на компетенциите

Какви се ставовите на учениците во поглед на најсоодветните начини на настава и на учење за стекнување граѓански компетенции?

➡ **Професионален развој**

- Какви обуки посетувале наставниците по граѓанско образование?
- Какви се потребите од обуки на наставниците по граѓанско образование?

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е со експлоративен карактер (да се констатира состојбата), со акцент на следните подрачја:

*Наставни програми по Граѓанско образование*, пред сѐ во однос на:

- потребата од наставниот предмет и квалитетот на наставните програми,
- релевантноста на наставните содржини,
- потребата од подобрување на наставните програми, и
- ниво на постигнување на целите за учество на учениците во активности за подобрување на заедницата.

*Реализација на наставата и на учењето*, во однос на:

- методите на реализација на наставата, и
- начините на поддршка на учењето.

*Согледувања за учебниците*, во однос на:

- мислењата на наставниците и на учениците за учебниците, и
- потребата од дополнителни материјали.

*Согледувања за обуките*, од аспект на:

- квалитет на посетувани обуки, и
- потреба од дополнителен професионален развој и стручна поддршка.

## 2.1 Методи и инструменти за прибирање податоци

Соодветно на концептуалната рамка, во ова истражување беа прибирани податоци од наставници што го предавале предметот Граѓанско образование во прва година во осумте стручни училишта каде што се пилотираше модуларно дизајнирана програма во учебната 2018/19 година, Граѓанско образование во четврта година (за сите струки, освен економската, правната и трговската), Граѓанско образование за четврта година (економската, правната и трговската) и наставници што ја реализираат проект-ната активност Граѓанска култура во гимназиското образование. [1]

Исто така, податоци беа прибрани и од ученици од прва година од осумте стручни училишта каде што се пилотираше модуларно дизајнираната програма по Граѓанско образование, како и ученици од други стручни училишта и гимназии, кои своите процени ги засноваа врз искуството со содржините по предметот Граѓанско образование во осмо и во деветто одделение, како и врз своите очекувања за тоа како треба да се реализира граѓанското образование во средните училишта.

За потребите на ова истражување беа изготвени прашалници и протоколи за водење фокус-групи.

Прибраните податоци се квантитативни и квалитативни.

### ➡ Испитување на наставниците

Од наставниците беа прибрани: мислења за наставните програми и за учебниците, податоци за методите на реализација на наставата, како и за начините на поддршка на учењето на учениците, податоци за обуките и потреба од обуки и оцени за нивото на постигнување на целите на наставните програми. Податоците од наставниците беа прибрани со електронски Прашалник за наставници преку платформата „SurveyMonkey“, за чие одговарање беа потребно околу 25 минути, како и преку дискусии во фокус-групи. Наставниците избираа на кој јазик ќе го одговорат прашалникот, а беа понудени македонскиот, албанскиот и турскиот јазик. Во фокус-групите наставниците беа распределени и според јазикот (македонски односно албански).

### ➡ Испитување на учениците

Од учениците беа прибрани информации и мислења за прашања слични на тие што им беа поставени на наставниците, а со цел да се обезбеди поголема веродостојност на податоците. Тие беа прибрани со електронски Прашалник за ученици преку платформата „SurveyMonkey“,

1 Ова се најчесто наставници што го предаваат предметот Социологија во гимназиските струки.

за чие одговарање беше потребно околу 25 минути, како и преку дискусии во фокус-групи. Во табелата подолу е даден опис на секој инструмент одделно употребен во испитувањето. Учениците избираа на кој јазик ќе го одговорат прашалникот, а понудени беа македонскиот, албанскиот и турскиот јазик. Во фокус-групите учениците беа распределени и според јазикот (македонски, односно албански).

**Табела бр. 1 Опис на инструментите употребени во истражувањето**

| Инструмент | Краток опис |
|---|---|
| Електронски прашалник за наставниците по предметот Граѓанско образование | Прашалникот за наставниците се состоеше од 54 прашања од отворен и од затворен тип. Одговарањето на прашалникот беше по електронски пат и анонимно. |
| Протокол за водење дискусија во фокус-група со наставници | Протоколот содржеше насоки за водење на фокус-групите и 17 ориентациони прашања за дискусија на теми слични на тие во прашалникот за наставниците. |
| Електронски прашалник за учениците | Прашалникот за учениците од прва година се состоеше од 22 прашања од затворен тип. Одговарањето на прашалникот беше организирано во училиштето, во училница со компјутери по електронски пат и анонимно. |
| Протокол за водење дискусија во фокус-група со ученици | Протоколот содржеше насоки за водење на фокус-групите и 12 ориентациони прашања за дискусија на теми слични на тие во прашалникот. |

## 2.2 Примерок

### 2.1 Ученици

Примерокот ученици беше избиран во два чекори. Прво, сите средни училишта беа групирани во три региони: Источен, Западен и Скопје. Потоа, од секој регион се избраа определени училишта, при што се водеше сметка за територијалната распределеност, наставниот јазик (македонски, албански и турски наставен јазик), како и соодветна застапеност на видот на образование (стручно и гимназиско). Сите осум училишта каде што се пилотираше модуларно дизајнираната програма беа вклучени во примерокот, со вкупно 127 ученици. Тоа се следните училишта: СГГУГС „Здравко Цветковски“ – Скопје (градежен техничар; македонска и албанска паралелка), СОУ „Никола Карев“ – Струмица, СУГС „Лазар Танев“ – Скопје (хотелско-туристички техничар), ОУТУ „Ванчо Питошески“ – Охрид, СЕТУГС „Михајло Пупин“ – Скопје (електротехничар за компјутерска техника и автоматика), ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово (маке-донска и албанска паралелка), СОУ „Киро Спанџов - Брко“ – Кавадарци (техничар за индустриска мехатроника) и ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид.

Во секое од училиштата, избрана по случаен избор, една паралелка од прва година го пополнуваше прашалникот поставен на платформата „SurveyMonkey“.

Во дискусиите во **5 фокус-групи** учествуваа вкупно **55 ученици** (три фокус-групи во Скопје и две во Куманово) што ја следеле наставата по Граѓанско образование според модуларно дизајнираната наставна програма.

**Табела бр. 2 Примерокот според полот на учениците**

| Пол | Број | Процент |
|---|---|---|
| Женски | 263 | 35,9 |
| Машки | 364 | 49,7 |
| Не одговориле | 106 | 14,5 |
| **Вкупно** | **733** | **100** |

**Табела бр. 3 Примерокот според етничката припадност на учениците**

| Етничката припадност | Број | Процент |
|---|---|---|
| Македонска | 410 | 55,9 |
| Албанска | 153 | 20,9 |
| Турска | 38 | 5,2 |
| Српска | 9 | 1,2 |
| Ромска | 6 | 0,8 |
| Бошњачка | 6 | 0,8 |
| Друга | 5 | 0,7 |
| Влашка | 1 | 0,1 |
| Не одговориле | 105 | 14,3 |
| **Вкупно** | **733** | **100** |

**Табела бр. 4 Примерокот според местото на живеење на учениците**

| Место на живеење | Број | Процент |
|---|---|---|
| Село | 203 | 27,7 |
| Град | 310 | 42,3 |
| Не одговориле | 220 | 30,0 |
| **Вкупно** | **733** | **100** |

## Наставници

Прашалниците за наставници беа поставени на платформата „SurveyMonkey“, а наставниците по Граѓанско образование од избраните средни училишта, со официјален допис до директорите на училиштата, беа замолени да одговорат. Одговориле 106 наставници (86,8 % предаваат на македонски јазик, 10,4 % на албански јазик и 2,8 % на турски) од 68 училишта (половина од вкупниот број на средни училишта во нашата земја), што укажува на соодветна репрезентативност на примерокот.

Од осумте училишта во кои се пилотираше модуларно дизајнираната наставна програма одговориле вкупно пет наставници од следните училишта: СГГУГС „Здравко Цветковски“ – Скопје (градежен техничар; македонска и албанска паралелка), СОУ „Никола Карев“ – Струмица, СУГС „Лазар Танев“ – Скопје (хотелско-туристички техничар), ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово (македонска и албанска паралелка), и ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид.

Подолу се дадени податоци за образовната структура и за работниот стаж на наставниците во примерокот. Образовната структура на наставниците по предметот Граѓанско образование во примерокот се совпаѓа со таа во популацијата, односно, 64 % од наставниците во примерокот имаат образование што соодветствува на нормативот за наставен кадар по предметот.

**Табела бр. 5 Примерокот според полот на испитаниците**

| Пол | Број | Процент |
|---|---|---|
| Женски | 51 | 48,1 |
| Машки | 31 | 29,2 |
| Несоодветен одговор | 3 | 2,8 |
| Не одговориле | 21 | 19,8 |
| **Вкупно** | **106** | **100** |

**Табела бр. 6 Примерокот според видот на завршено образование на наставниот кадар**

| Завршено образование | Број | Процент |
|---|---|---|
| Студии по социологија | 55 | 51,9 |
| Студии по филозофија | 8 | 7,5 |
| Студии по историја | 5 | 4,7 |
| Друго* | 8 | 7,5 |
| Не одговориле | 30 | 28,3 |
| **Вкупно** | **106** | **100** |

**Категоријата** ***друго*** *опфаќа судии по: Ликовна уметност; Теологија; Географија; Економија; Педагогија; Одбрана; Политички науки.*

**Табела бр. 7 Години искуство во предавање на предметот Граѓанско образование**

| Години искуство во предавање | Број | Процент |
|---|---|---|
| 1 година | 13 | 12,3 |
| 2 – 5 години | 15 | 14,2 |
| 6 – 10 години | 26 | 24,5 |
| 10+ години | 27 | 25,5 |
| Не одговориле | 25 | 23,6 |
| **Вкупно** | **106** | **100** |

**Табела бр. 8 Години искуство во водење на проектни активности по Граѓанска култура**

| Години искуство во водење проектни активности | Број | Процент |
|---|---|---|
| 1 година | 23 | 21,7 |
| 2 – 5 години | 18 | 17,0 |
| 6 – 10 години | 8 | 7,5 |
| 10+ години | 6 | 5,7 |
| Не одговориле | 51 | 48,1 |
| **Вкупно** | **106** | **100** |

Според податоците за работниот стаж на наставниците од примерокот, може да се заклучи дека половина од наставниците по Граѓанско образование имаат повеќе од 5 години стаж.

Во однос на проектните активности по Граѓанска култура, може да се забележи дека поголем процент од наставниците (40%) имаат помалку од 5 години работен стаж.

Во дискусиите во **4 фокус-групи** учествувале вкупно **36 наставници** (од Скопје, Тетово, Гостивар и од Куманово), од кои 5 наставници работеле според модуларно дизајнираната програма за Граѓанско образование, 31 според програмите за Граѓанско образование за средното стручно образование и 5 според насоките за реализација на проектните активности по Граѓанско образование.

## 2.3 Прибирање, обработка и анализа на податоците

Електронското истражување го организираше и го спроведе Бирото за развој на образованието. Советниците од Бирото за развој на образованието ги водеа дискусиите во фокус-групите со наставниците, а дискусиите со учениците ги спроведоа претставници на Младинскиот образовен форум (МОФ), во согласност со протоколите изготвени од Бирото за развој на образованието.

Податоците од електронските прашалници беа пренесени во статистичката програма *Statistical Package for the Social Sciences (SPSS)*, која се користеше за обработка на одговорите. Со оглед на карактерот на испитувањето, беа користени постапки од дескриптивната статистика.

За дискусиите во фокус-групите се водеа детални белешки, кои потоа беа обработени со тематска анализа на содржината.

Со електронскиот прашалник беа добиени одговори од 106 наставници од вкупно 68 средни училишта и од 733 ученици од 50 средни училишта.

Електронското истражување беше спроведено во текот на месец март 2019 година, а фокус-групите во текот на месец јуни 2019 година.

# 3. АНАЛИЗА НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Граѓанското образование во средните училишта се изучува на два различни начина, а во зависност од видот на средното образование.

Со реформите во гимназиското образование во 2002 година, во рамки на подрачјето Проектни активности со фонд од 36 часа годишно, на учениците им се овозможува да изберат и да реализираат проектни активности од граѓанското образование. Целта на проектните активности е воведување на учениците во истражувачки активности и нивно активно вклучување во целиот процес, почнувајќи од избор на проблемот односно темата на која ќе работат, преку истражување, до презентација на проблемот и барање решение односно промена. Изработената програма претставува рамка со насоки, со дадени предлог-теми и подрачја што учениците може да ги изберат и да ги одработат со поддршка на наставникот.

Со реформите во средното стручно образование во 2005 година, во наставниот план се воведе наставниот предмет Граѓанско образование, со две наставни програми, една за учениците од економската, правната и трговската струка, а друга наставна програма за сите останати струки. Наставниот предмет се изучува во четврта година, со неделен фонд од 2 часа.

Со реформите во граѓанското образование што започнаа во 2017 година, а особено со изработката на компетенциите за граѓанско образование, кои беа основа за изработка на новите наставни програми за осмото и за деветто одделение во основното образование, се овозможи континуитет во изучувањето на граѓанското образование во средното образование.

Промените во изучувањето на граѓанското образование започнаа во пилот-училиштата во четиригодишното стручно образование во учебната 2018/2019 година, преку измени во наставниот план. Со нив, предметот Граѓанско образование, од четврта, почна да се изучува во прва година, со што се обезбеди континуитет во изучувањето и во надоградување на знаењата, вештините и на ставовите по граѓанско образование на учениците од основното училиште. Од 2019/2020 учебна година, предметот Граѓанско образование се изучува во сите четиригодишни средни стручни училишта. Наставната програма се базира на резултати од учење, понудени активности и стандарди за оценување, а како основа ги има развиените компетенции за граѓанско образование.

Согласно Стратегијата за развој на образованието 2018 – 2025 година, се планира овој принцип за изработка на наставните програми да се примени и во гимназиското и во уметничкото образование, во периодот кога ќе се одвиваат реформите на наставните планови и програми.

Во продолжение следува опис на наставните програми според кои се одвива наставата во средните училишта. Во дел од нив, се учи по старите наставни програми, со оглед на тоа дека новата програма почна да се воведува сукцесивно од учебната 2019/2020 година.

**МОДУЛАРНО ДИЗАЈНИРАНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВА ГОДИНА ЗА ЧЕТИРИГОДИШНО СТРУЧНО ОБРАЗО-ВАНИЕ ЗА СИТЕ ПРОФИЛИ**

Според рамката за изработка на модуларно дизајнираните наставни програми во стручното образование (Проект „СКИЛСС – реформи во техничкото стручно образование“), програмата е структурирана според следните елементи: Резултати од учење; Содржини и поими; Активности и методи и Критериуми за оценување. Предвидени се вкупно 72 часа годишно, односно 2 часа неделно.

Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со одлука бр. 13-4390/12 од 11.06.2019 година. Според Нормативот за наставниот кадар, наставата по предметот Граѓанско образование ја изведува наставник со завршени студии по социологија, историја и филозофија.

**Модуларните единици односно теми на наставната програма се:**

**Граѓански идентитет – претстава за себе како граѓанин**, во чии рамки се дадени следните содржини:

- свесност за граѓанскиот идентитет,
- препознавање и развој на сопствените особини и вештини,
- контрола на однесувањето,
- етичност,
- изразување емоции,

**Граѓанска поврзаност**, во чии рамки се дадени следните содржини:

- комуникација,
- разгледување различни гледишта и ставови,
- припадност кон заедницата,
- хуманост,
- прифаќање и почитување на различностите,
- мултикултурализам и интегрирано живеење,
- справување со конфликти,

**Граѓанин во граѓанското општество**, во чии рамки се дадени следните содржини:

- улогата на граѓанинот во општеството,
- права и одговорности,
- граѓанинот и одржливиот развој,
- граѓанинот како иноватор и претприемач,
- граѓанинот како потрошувач и штедач,
- граѓанските организации и групите за застапување,
- медиумите во демократското општество,
- религијата во општеството,
- културата, културните институции и културниот идентитет,

**Граѓанинот и државата**, во чии рамки се дадени следните содржини:

- демократски вредности,
- власта во функција на граѓаните,
- како е организирана власта во Република Северна Македонија,
- владеење на правото,
- изборите и демократските процеси во општеството,
- општествената улога на државната и на јавната администрација, и

**Граѓанинот и светот**, во чии рамки се дадени следните содржини:

- глобализацијата и општеството,
- Република Северна Македонија во меѓународните организации, и
- Република Северна Македонија како дел од Европа.

Резултатите од учењето во програмата се поврзуваат со стандарди за постигнување. Резултатите произлегуваат односно се базираат на основните компетенции (знаења, вештини, ставови, вредности, граѓанско однесување) што треба да ги поседуваат учениците во средното образование. При развивањето на наставната програма, освен на постигнување знаења од областа на граѓанското образование, акцентот е ставен и на развивање вештини за интерпретација, градење ставови, вредности, концепти и поттикнување акција во граѓанското општество.

Исто така, може да се констатира дека при креирањето на програмата, особено внимание е посветено на меѓународната споредливост на резултатите од учењето, како и на соодветната меѓународна практика во изучувањето на граѓанското образование.

## НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЧЕТВРТА ГОДИНА ЗА ЕКОНОМСКАТА, ПРАВНАТА И ТРГОВСКАТА СТРУКА ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Наставната програма е донесена од Министерот за образование и наука со одлука бр. 11-7307/1 од 02.10.2008 година. Според Нормативот за наставниот кадар, наставата по предметот Граѓанско образование ја изведува наставник со завршени студии по социологија, филозофија, педагогија и историја. Измените и дополнувањата на Наставната програма ги донесе Министерот со одлука бр.07-244/3 од 23.3.2010 година.

**Тематските целини на наставната програма се:**

**Демократија (16 часа):**

- демократијата наспроти диктатурата и анархијата,
- демократски вредности (слобода, одговорност, праведност, еднаквост, законитост),
- демократијата во РМ,
- избори и изборно однесување,
- владеење на мнозинството и заштита на малцинствата,
- демократска држава, сувереност, власт,
- власт и поделба на власта,
- нивоа на власта,
- владеење на правото и правната држава,
- јавност и јавно мислење: јавен и приватен живот,
- граѓанско содружништво: поим и елементи,
- информирањето во демократското општество,
- улогата на мас-медиумите во демократијата (разновидност, слобода, независност, одговорност, точност на информациите);

**Граѓанство и граѓански права и одговорности (13 часа):**

- човекот како граѓанин,
- човекови права: поим, општествена смисла, потеклото и развојот на идејата за човековите права,
- меѓународната димензија на човековите права,
- лични права и слободи,
- политички права и слободи,
- социјални, економски и културни права и слободи,
- правата и слободите и општествениот развој,
- граѓанска лојалност, граѓанска доблест,
- карактеристики на добар граѓанин (знаења, способности и ставови што треба да ги поседува граѓанинот),
- човековите права во Република Македонија;

**Граѓанското општество – промени и предизвици (9 часа):**

- население, структура, движење на населението,
- демографска политика,
- планирање на семејството,
- стареење на населението, невработеност, богатство наспроти сиромаштија,
- нови социјални движења (женски, феминистички, еколошки, мировни движења),
- хуманитарно дејствување;

**Конфликтите во граѓанското општество и нивно разрешување (10 часа):**

- социјален конфликт,
- конфликти во општеството и меѓуопштествени конфликти,
- насилство и ненасилство, тероризам и антитероризам,
- справување со конфликтите,
- постконфликт,
- мир и толеранција;

**Глобализација на општествата (12 часа):**

- нација, национализам и граѓанство,
- меѓународно економско поврзување,
- Обединетите нации,
- невладини агенции на поврзување,
- други интернационални организации,
- глобализација на медиумите: вести, кино, ТВ, радио, реклама, електронска комуникација, Интернет,
- Европа и нејзината интеграција,
- институции на Европската Унија,
- европски вредности и европски идентитет,
- колективни системи на безбедност,

- интеграцијата на Република Македонија[2] во Европската Унија;

**Избори и избирачко право (6 часа):**

- изборите како основа за демократијата (значење и функција на изборите),
- изборни системи и видови избори, и
- избирачко право (преку кое се изразува народниот суверенитет).

Според рамката за изработка на наставна програма, програмата содржи: тематски целини, конкретни цели, дидактички препораки и корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите. Програмата не содржи поими што треба да ги усвојат учениците. Предвидени се вкупно 66 часа годишно, односно 2 часа неделно.

Во делот од програмата „Наставни методи и активности на учење“, се наведува дека за реализација на целите треба задолжително да се применуваат интерактивните форми и методи, како што се: работа во групи, дискусии, дебати, анализа на текст и документи, анализа на случај, но и традиционалните дидактички методи како: предавања, насочен разговор и учење наизуст. Од учениците се очекува да идентификуваат проблеми, да спроведуваат лични и групни истражувања, да пишуваат есеи, да изработуваат портфолио, да анализираат информации од различни извори. Од наставникот се очекува да биде организатор, координатор, инструктор и да ги индивидуализира задачите приспособувајќи ги на интересите, интелектуалните можности и на очекувања на учениците.

2 Името на државата се користи како што е наведено во соодветните документи.

## НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЧЕТВРТА ГОДИНА ЗА СИТЕ ПРОФИЛИ НА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ОСВЕН ПРОФИЛИ ОД ЕКОНОМСКА, ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА

Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со одлука бр. 11-1471/4 од 16.10.2001 година. Според Нормативот за наставниот кадар, наставата по предметот Граѓанско образование ја изведува наставник со завршени студии по социологија, филозофија, педагогија и по историја. Измените и дополнувањата на Наставната програма се донесени од Министерот со одлука бр.07-244/3 од 23.2.2010 година.

**Тематските целини и содржините на наставната програма се:**

**Човек, општество, култура (13 часа):**

- човекот – природно и општествено суштество,
- личноста и општеството,
- како ги истражуваме личноста и општеството (методологија),
- култура,
- религии,
- социјализација,
- општествени отстапувања (девијации);

**Општествено групирање (13 часа):**

- јас меѓу другите (интеракција),
- општествени улоги,
- групите во општеството,
- семејство,
- положбени групи (слоевитост и мобилност),
- етнички групи,
- еднаквост меѓу родовите;

**Јас – граѓанинот (20 часа):**

- што сме како граѓани и државјани,
- државата, сувереноста и власта,
- основните права и слободи на човекот,
- демократскиот политички поредок,
- политичкото претставување: изборите и политичките партии,
- политички систем на Република Македонија;

**Јас – сопственик, производител, потрошувач (9 часа):**

- потребите, трудот, производството, потрошувачката,
- општествена поделба на трудот и економска специјализација,
- сопственост и капитал,
- пазарот и парите,
- државата и пазарот – социјално пазарно стопанство,
- претпријатие;

**Социјалниот живот и социјалната политика (5 часа):**

- население,
- демографска политика,
- социјална заштита и социјална политика,
- екологија – заштита на човековата средина,
- хуманитарно дејствување;

**Ние во Европа и во светот (6 часа):**

- современиот свет и неговата глобализација,
- Европа и нејзината интеграција,
- Македонија во Европа и во светот;

**Избори и избирачко право (6 часа):**

- изборите како основа за демократијата (значење и функција на изборите),
- изборни системи и видови избори,
- избирачко право (преку кое се изразува народниот суверенитет).

Според рамката за наставна програма, програмата содржи: тематски целини, конкретни цели, дидактички препораки и корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите. Програмата не содржи поими што треба да ги усвојат учениците. Предвидени се вкупно 66 часа годишно, односно 2 часа неделно.

Во делот од програмата „Наставни методи и активности на учење“ се наведува дека за реализација на целите од Наставната програма, многу е важен методскиот пристап при обработката на наставните содржини. Се препорачува употреба на техниките: социодрама, дискусија, дебата, бура на идеи, анализа на текст и документи, анализа на случај, коцка, сложувалка, петторед, грозд, призма, каменот што зборува и Венов дијаграм. Во програмата исто така се наведува дека треба да има изработка на индивидуални домашни задачи (истражувања, портфолија и есеи).

## НАСОКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ОД ГРАЃАНСКА КУЛТУРА

Во материјалот подготвен за наставниците задолжени за реализацијата на проектните активности од подрачјето Граѓанската култура се обработени неколку аспекти: потребата за воведување на проектните активности од областа на граѓанското образование, општите и посебните цели на овој вид проектна активност, можни области и теми, како и начинот на организација и на реализација.

**Цели за учениците:**

- да стекнат практични искуства што ги унапредуваат нивните компетенции и ефикасност,
- да развијат вештини за активно учество во разрешување проблеми,
- да влијаат врз власта при донесувањето одлуки,
- да умеат да ги заштитат граѓанските права,
- да се научат како да го искажуваат своето мислење,
- да умеат да разработат план на активност,
- да развиваат вештини за групна работа,
- да изградат чувство на одговорност во групата,
- да умеат да користат литература и информации за даден проблем,
- да умеат да селектираат информации,
- да изградат култура на говорење, пишување и на толкување.

**Области и теми:**

- демократијата во Р. Македонија,
- човековите права,
- граѓански права и должности,
- вработеност, невработеност, сиромаштија и миграции,
- култура на живеење и стилови на живот,
- култура и културен плурализам,
- социјалниот живот – социјална политика,
- вредности, норми и обичаи,

- користење на слободното време на рационален начин,
- општествени девијации,
- разрешување конфликти,
- влијанието на мас-медиумите и младите (телевизијата и насилството, новите електронски медиуми, виртуелниот свет),
- религијата во современите општества (нови религиски движења),
- злоупотреба на децата,
- планирање на семејството,
- трговија со луѓе,
- насилничко однесување на младите,
- злоупотреба на младите во политички цели,
- младите и моралот,
- хуманитарно дејствување, и
- еднаквост меѓу родовите.

Активностите може да се реализираат во училиштето и надвор од него, во соодветни институции.

Во текот на реализацијата на програмата, учениците ќе имаат можност да применуваат интерактивни методи на работа и современи техники на учење.

Наставникот треба да води грижа да се вклучени сите ученици согласно нивните способности и интереси и да има увид во целокупната проектна активност. Ако ученикот го избере повторно подрачјето Граѓанска култура, истражуваниот проблем треба да се постави на повисоко ниво, односно треба да се продлабочи делот за водење проекти (длабински истражувања), а учениците треба да се насочат кон истражување на покомплексни прашања од истражуваниот проблем.



# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 4.1 Мислења на наставниците и на учениците за наставните програми

Настава според модуларно дизајнираната програма за предметот Граѓанско образование прв пат се реализираше во текот на учебната 2018/19 година како експериментална програма во осум средни стручни училишта. Програмата за Граѓанско образование за сите профили на средното стручно образование освен образовните профили од економската, правната и трговската струка се реализира од 2002 година, програмата за Граѓанско образование за стручно образование за економската, правната и трговската струка од 2008 година, а проектните активности за Граѓанска култура во гимназиско образование од учебната 2000/2001 година.

Искуствата од пилотирањето на модуларно дизајнираната програма во учебната 2018/19 година се користат за да се согледаат предностите и недостатоците на програмата во споредба со повеќегодишното искуство од реализацијата на граѓанското образование во четвртата година од средното стручно образование, како и со наставата по предметот граѓанско образование во осмо и во деветто одделение според старите наставни програми, дизајнирани во согласност со современите трендови во граѓанските компетенции.

Мислењата за наставните програми во испитувањето се прибрани од: 1) наставници што го предаваат предметот и кои реализираат проектни активности; 2) од ученици од прва година што го учеле предметот Граѓанско образование (според модуларно дизајнираната програма), како и ученици од прва година што не го изучувале предметот, но кои имаат искуство од основното образование и очекувања за тоа како треба да се изучува граѓанското образование во средните училишта.

Во овој дел од извештајот се прикажани нивните мислења добиени преку пополнување на прашалникот и дискусиите во фокус-групите. Мислењата се групирани во две тематски подрачја: 1) генерални мислења за наставниот предмет и за наставната програма и 2) мислења за наставните содржини.

### 4.1.1 Генерални мислења за наставниот предмет и за наставната програма

***Процени на учениците за искуството и за стекнатите вештини од предметот Граѓанско образование во осмо и во деветто одделение.***

Учениците беа запрашани да го проценат своето искуство од изучување на наставниот предмет Граѓанско образование во осмо и деветто одделение од следните аспекти: позитивност, корисност, тежина и здодевност.

Просечните вредности (аритметички средини) се пресметани на скала што се движи од 1 до 10, при што 1 означува *многу негативно*, а 10 *многу позитивно*. Обратно беа кодирани скалите за мерење на тежината и на здодевноста на предметот: 1 означува *предметот беше многу тежок*, а 10 *предметот беше многу лесен*, односно 1 означува *предметот беше многу здодевен*, а 10 *предметот беше многу интересен*. Просечните вредности се прикажани во табелата подолу.

**Табела бр. 9 Просечна вредност на скалите за процена на искуството на учениците со предметот Граѓанско образование во основното училиште**

| Аспекти | Аритметичка средина |
|---|---|
| Позитивност | 7,6 |
| Корисност | 7,5 |
| Тежина | 7,8 |
| Здодевност | 6,5 |

Од прикажаните резултати може да се забележи дека учениците имале позитивно искуство со наставниот предмет Граѓанско образование во основното образование и дека го процениле како корисен, релативно интересен и релативно лесен предмет.

Во однос на тоа кои вештини ги стекнале учениците со изучувањето на предметот во

осмо и во деветто одделение, учениците исто така проценуваа на скала од 1 до 10, при што 1 означува *воопшто не ги стекнав*, а 10 означува *ги стекнав во голема мера*. Учениците процениле дека во значителна мера (просечна оцена 7) ги стекнале клучните граѓански вештини за: идентификување на потребите на заедницата, иницирање активности за подобрување на заедницата и планирање активности за подобрување на заедницата.

**Табела бр. 10 Просечна вредност на скалите за процена на вештините што ги стекнале учениците со предметот Граѓанско образование во основното училиште**

| Стекнати вештини | Аритметичка средина |
|---|---|
| Идентификување на потребите на заедницата (еколошки, социјални, образовни) | 7 |
| Иницирање активности за подобрување на заедницата (на пр. еколошки, хуманитарни, уметнички акции) | 7 |
| Планирање активности за подобрување на заедницата (на пр. еколошки, хуманитарни, уметнички акции) | 6,9 |

***Процени на наставниците за нивната оспособеност за реализација на наставата***

Во однос на подготвеноста, односно оспособеноста на наставниците за реализација на граѓанското образование, мнозинството од наставниците сметаат дека студиите ги имаат целосно оспособено со: соодветно знаење и разбирање на содржините по граѓанското образование (59,4% целосно, делумно 27,4%, не ги оспособиле 1,9%, 11,3% не одговориле), знаење и разбирање на различни методи на настава за постигнување на целите по граѓанското образование (целосно 50,9%, делумно 33%, не ги оспособиле 4,7%, 11,3% не одговориле), како и со умеења за следење и за вреднување на ставовите, вредностите и однесувањето на учениците (целосно 50,9%, делумно 34%, не ги оспособиле 2,8%, 12,3% не одговориле), но помалку со умеења односно вештини за користење на различните методи на настава за постигнување на целите (целосно 45.3%, делумно 39.6%, не ги оспособиле 3,8%, 11,3% не одговориле) и најмалку со умеење за пронаоѓање соодветни извори/материјали за поддршка на наставата и на учењето (материјали за наставниците и материјали за учениците) (целосно 43,4%, делумно 39,6%, не ги оспособиле 4,7%, 12,3% не одговориле). Резултатите се прикажани на Графикон бр. 1.

Слична е состојбата и со ефектите од досегашната наставна практика во однос на оспособувањето на наставниците за реализација на Граѓанското образование. Практиката придонела тие да се оспособат со знаење и со разбирање на содржините по предметот Граѓанско образование (целосно 70,8%, делумно 18,9%, не ги оспособила 0%, 10,4% не одговориле), но и со умеење за следење и вреднување/оценување на ставовите, вредностите и на однесувањето на учениците (целосно 62,3%, делумно 26,4%, не ги оспособила 0.9%, 10,4% не одговориле), како и со знаење и разбирање на различните методи на настава за постигнување на целите (целосно 58,5%, делумно 28,3%, не ги оспособила 1,9%, 11,3% не одговориле), но помалку за умеење за пронаоѓање соодветни извори/материјали за поддршка на наставата и на учењето (материјали за наставниците и материјали за учениците) (целосно 53, 8%, делумно 34%, не ги оспособила 0,9%, 11,3% не одговориле) и најмалку со вештини за користење различни методи на настава за постигнување на целите (целосно 52.8%, делумно 35.8%, не ги оспособила 0%, 11,3% не одговориле).

Овие податоци укажуваат на тоа дека наставната практика на наставниците е позначајна од формалното (иницијално) образование во однос на нивното оспособување за реализација на наставата по предметот Граѓанско образование. Информацијата дека студиските програми недоволно придонесуваат за тоа наставниците да стекнат компетенции за наставата по предметот Граѓанско образование укажува на неопходноста од нивна ревизија и

усогласување со современите пристапи во граѓанското образование.

На графиконот подолу се прикажани резултатите за одговорот „целосно ме оспособи“ (од аспект на студиите и на досегашната наставна практика).




***Графикон бр. 1** Процена на наставниците за оспособеноста за реализација на предметот Граѓанско образование (%).*

### 4.1.2 Мислења на учениците и на наставниците за потребата од граѓанското образование во средните училишта

На прашањето дали во средното образование треба да се изучуваат содржини од граѓанското образование, 57,2% од учениците дале потврден одговор. Процентот е нешто поголем (66%) кога ќе се земат предвид одговорите само од учениците што го изучувале предметот во прва година според модуларно дизајнираната програма. Овој податок може да укажува на тоа дека овие ученици имаат тенденција да ја гледаат придобивката од изучувањето на предметот Граѓанско образование, што може да се должи на применливоста на содржините од програмата во секојдневниот живот на учениците. Ова согледување е поткрепено во дискусиите во фокус-групите со ученици **(види поднаслов *Мислења за новата модуларна програма*)**.

Во однос на **формата на изучување на содржините од граѓанско образование**, наставниците (63,2%)[3] се согласни дека граѓанското образование треба да се изучува како одделен наставен предмет во сите средни училишта. Помал процент од наставниците (15,1%) сметаат дека содржините може да се изучуваат во форма на проектна активност, ист процент (15,1%) од наставниците сметаат дека граѓанското образование може да се изучува и преку вклучување на учениците во работата на ученичката заедница. Мал процент од наставниците (5,7%) одговориле дека граѓанското образование може да се изучува како воннаставна активност, односно интегрирано низ другите наставни предмети (1,9 %). Податоците укажуваат на тоа дека наставниците не се доволно сензибилизирани за различните начини на кои можат да се стекнат граѓански компетенции и имаат тенденција да се фокусираат на наставниот предмет како примарна форма на изучување.

Во однос на тоа што треба да се учи по предметот Граѓанско образование, одговорите на учениците и на наставниците се прикажани на графиконот подолу. Според учениците, поважно е да се научи за правата и за нивната заштита отколку да се стекнат граѓански вештини за донесување одлуки, аргументирање, размислување и извлекување заклучоци. Само една петина од учениците проценила дека на часовите по Граѓанско образование може да се научи како поактивно да се вклучат во училиштето преку донесување одлуки важни за нив. Добиените податоци од учениците укажуваат на тоа дека тие размислуваат доста конвенционално и дека е потребно да се работи на менување на нивните ставови. Сепак, недостигот од наставни материјали поврзани со новата модуларна програма ги принудува

3 Процентите се пресметани од вкупниот број наставници (106).

наставниците да го посветат речиси целиот час на совладување на содржините отколку на развивањето вештини и поттикнување граѓанско однесување.

Добиените резултати од електронското истражување може да се поткрепат со наодите од дискусиите во фокус-групите со учениците. Учениците што изучуваат Граѓанско образование според новата модуларна програма истакнале дека поради тоа што немаат учебник за Граѓанско образование, на дел од часовите често биле поттикнувани само да ги слушаат наставниците, да ги запишуваат „клучните точки“ од диктирањето и да ги научат на памет:

***„Тоа што треба да го научиме да го знаеме, професорката ни го диктира да го запишеме во тетратка. А тоа што се диктира е многу недоволно. Само кратки точки. Целата програма е многу збиена и нема доволно време да се дообјасни или да се изведе некоја добра вежба што ќе остави нешто кај нас. Нема време за тоа. ”***

***„Професорката од нејзиното знаење прави како текст-план лекција и ни ја пренесува на нас. Она диктира ние пишуваме и од тоа учиме. Плус, не е интересно само да се слуша. Професорката ни диктира дефиниции, а ние запишуваме. ”***

Наставниците, исто така, во голем процент сметаат дека граѓанското образование е потребно за да научат учениците за своите права и за нивната заштита, но и за тоа како да се вклучат во подобрување на заедницата (70,8%). Овој податок добиен од наставниците е многу важен аргумент за проактивно изучување на предметот, но ваквиот став на наставниците е недоволен ако тие за време на часовите и во воннаставните активности, не практи-куваат реално вклучување на учениците во подобрување на заедницата.

Наставниците, како и учениците, помалку ја гледаат поврзаноста меѓу граѓанското образование и јакнењето на вештините за аргументирање, извлекување заклучоци, учество во донесување одлуки, што се всушност клучни граѓански компетенции.

**Табела бр. 11 Главните предизвици/тешкотии со кои се соочуваат наставниците при реализација на наставата по предметот Граѓанско образование/проектните активности по Граѓанска култура**

| Категории на одговор | Бр. | Процент |
|---|---|---|
| Недостиг од соодветни учебници, прирачници и вежби | 15 | 13,2 |
| Просторен проблем, немаме училница опремена со материјали за ИКТ (необезбедени стандарди за простор и за опрема) | 6 | 5,7 |
| Многу слаби предзнаења на учениците од основното образование | 4 | 3,8 |
| Мал број ученици, не се мотивирани и се оптоварени со голем број наставни предмети/часови | 4 | 3,8 |
| Неможноста да се реализира еден мал дел од предвидените активности како што се посети на релевантни институции, кои понекогаш не се отворени и не се достапни за соработка | 4 | 2,8 |
| Сфаќањето на проектната активност Граѓанска култура како предмет за поткусурување /за фонд на часови/, потребно е корекција во нормативот за наставен кадар | 4 | 2,8 |
| Некои теми како на пример *Јас – граѓанинот* не се соодветни на возраста на учениците (во прва година) | 2 | 1,9 |
| Малку часови за толку обемни содржини | 2 | 1,9 |
| При преводот на текстовите на албански јазик има многу грешки | 1 | 0,9 |
| Недостиг од обуки за наставниците | 1 | 0,9 |
| Без одговор | 63 | 59,4 |
| **Вкупно** | **106** | **100** |




***Графикон бр. 2*** *Ставови на наставниците и на учениците за содржините што треба да се учат по предметот Граѓанско образование.*

## 4.1.3 Предизвици во реализација на наставната програма по предметот Граѓанско образование

Во однос на прашањето за главните предизвици со кои се соочуваат наставниците при реализација на програмите[4], резултатите се прикажани во табелата подолу. Мнозинството наставници не навеле конкретни предизвици, што може да укажува на усогласеноста на барањата на програмите со можностите и со очекувањата на наставниците. Сепак, од наведените предизвици се забележува дека најголем предизвик за наставниците е недостигот од ресурси односно соодветни учебници и прирачници за реализација на наставата, по што следува просторниот проблем односно недостигот од соодветна училница за реализација на наставата.

[4] Се однесува генерално, на различните наставни програми што се во употреба.

## 4.1.4 Процени за новата модуларна програма по предметот Граѓанско образование за средните стручни училишта

Наставниците беа запрашани: **Колку сте запознаени со новите програми за граѓанско образование за четири-годишното средно стручно образование во експерименталната настава во 2018/2019?** Според добиените податоци, најголем број наставници имаат само делумни сознанија за новата програма или воопшто не се запознаени со неа.

**Табела бр. 12 Број на наставници запознаени со новите програми за граѓанско образование за четиригодишното средно стручно образование во експерименталната настава во 2018/2019**

| Категории на одговор | Број | Процент |
|---|---|---|
| Добро сум запознаен/а | 15 | 14,2 |
| Имам некои сознанија | 44 | 41,5 |
| Не сум запознаен/а | 38 | 35,8 |
| Не одговориле | 9 | 8,5 |
| **Вкупно** | **106** | **100** |

Во поглед на процената на програмата, наставниците што предавале според **модуларната програма**, во дискусиите во фокус-групите го споделиле своето искуство дека новата програма ги поттикнува учениците да бидат во центарот на учењето, што секако бара многу повеќе ангажман и од самиот наставник.

***„Учениците многу лесно го поврзуваат наставниот материјал со своите искуства и материјалот е лесно разбирлив. Новата модуларна програма многу повеќе ги мотивира учениците, повеќе ги активира учениците, учениците повеќе мислат, повеќе дискутираат, ги тера да***

***критикуваат, да градат ставови, часовите се многу поинтересни.“***

***„Новата програма го држи наставникот да биде проактивен и треба постојано да истражува, да бара нешто ново, не го остава „да си легне“, го стимулира да чита, да биде во тек и му дава поголема слобода.”***

Во однос на фондот на часови, наставниците сметаат дека два часа се доволни, но како предизвик го искажале недостигот од учебник, како и дополнителните финансиски средства неопходни за активностите за реализација на целите од програмата.

***„За новата модуларна програма доволно се два часа, но најголем предизвик е тоа што нема учебник.“***

***„Во однос на дополнителните активности, потребни се финансиски средства. Потребен е ненаставен работен ден за проектни активности и воннаставни активности од областа на граѓанското образование.“***

***„Потребна е мотивација за успешните практики.”***

Мал број наставници сметаат дека програмата повеќе одговара за ученици во четврта година отколку за тие во прва (сметаат дека учениците во прва година нема слободно да дискутираат). Ова мислење наставниците веројатно го базираат на своето досегашно искуство во обработка на содржините по предметот Граѓанско образование со ученици во четврта година што немале искуство на активно учество на часовите по предметот Граѓанско образование во основните училишта (учество во носење одлуки, дискусии, предлагање решенија, учество во преземање акции за промена и сл.).

Во рамките на дискусиите во фокус-групите, учениците што следеле настава според модуларно дизајнираната програма, беа запрашани што мислат за предметот Граѓанско образование, од аспект на тоа што им се допаѓа односно што не им се допаѓа. Учениците ја издвојуваат применливоста на предметот во секојдневниот живот, соодветните начини на однесување, меѓусебното комуницирање и соработка и сл.

***„Граѓанско образование е интересен предмет, нè учи за интересни работи од секојдневието, за конфликтите, за идентитетот, морал, етика, мир и култура...“***

***„Нè учи дали нашите постапки и идните се точни. Нè насочува правилно да размислуваме, да работиме во групи како целина, да се сложуваме едни со други.“***

***„Да станеме подобра верзија од нас.”***

Овие согледувања потврдуваат дека учениците ги разбрале суштината на новата наставна програма и нејзиниот фокус врз граѓанските вештини, вредности и однесување. Сепак, одредени ученици посочуваат дека недоволно внимание ѝ се посветува на практичната примена на знаењето.

***„Според мене, граѓанската култура е од големо значење, а ние децата сега ја немаме стекнато, бидејќи домашното воспитување е на многу ниско ниво. Но, моето мислење е дека предметот не е доволно совршен и развиен за да се постигне посакуваната цел. Граѓанското образование не треба да претставува лекција за да се научи за оценка. На пример, што е култура и да се даде дефиниција, туку да се даде некој практичен дел и примена во практиката. Без практична настава, само учиме дефиниции на памет, а тоа не е интересно и никој не е заинтересиран.”***

Она што не им се допаѓа на учениците е начинот на кој бил воведен наставниот предмет во некои од средните училишта во кои се пилотираше модуларната програма. Тие не биле навреме информирани дека ќе го изучуваат предметот во прва година и не било внимавано на нивниот распоред на часови.  Ова им создавало тешкотии во следењето на наставата по предметот особено на учениците што патувале и по повеќе километри за да стигнат до училиште.

***„Ни го воведоа предметот на почетокот на годината, ни го набутаа некако во распоред и пред и по часови. Тоа прави***

***проблем, особено за нас што патуваме. На пример, јас заради граѓанско во петок имам седум часа и морам секој пат да се ослободувам за да фатам автобус или воз за да си одам дома. И за професорите е проблем. Професорката е различна смена од нас и цело време сме во контакт со неа да видиме дали ќе имаме или не час.“***

### 4.1.5 Процени за старите наставни програми по предметот Граѓанско образование и Граѓанска култура

Наставниците што работат по програмите за **Граѓанско образование од 2002 и 2008 година и проектните активности за Граѓанска** култура навеле дека во програмите има повеќе теорија од активности и ако наставниците се придржуваат до нив, наставата треба да се изведува класично. Во однос на програмата за проектната активност, наставниците се искажале дека реализацијата зависи од креативноста на наставникот. Исто така, наставниците истакнале дека проектните активности им се делеле на наставници чие образование не е според нормативот и дека во некои училишта воопшто не се реализирале проектни активности по Граѓанска култура

### 4.1.6 Ставови на учениците за наставните содржини по предметот Граѓанско образование

Новата модуларно дизајнирана наставна програма нуди содржини што не беа вклучени во претходните наставни програми. Поради тоа, беше значајно да се утврди колку учениците ги сметаат за релевантни содржините од програмата и колку се заинтересирани да ги изучуваат. Резултатите во однос на прашањето **Означи дали и колку би сакал/а да учиш за следните теми/содржини** се прикажани во Табела бр. 13. Од прикажаното може да се забележи дека учениците многу би сакале да ги учат содржините: хуманост (76,2%), комуникација (76,2%), здраво живеење (74,2,%), додека содржините: медиумите во демократското општество (29,4%), изборите и демократските процеси во општеството (27%) и како е организирана власта во Република Северна Македонија (24,8%) не би сакале да ги учат.

**Табела бр. 13** **Приказ на теми/содржини според тоа дали и колку сакаат учениците да ги учат по предметот Граѓанско образование**

| Категорија на одговори | Би сакал/а | Не би сакал/а | Немам мислење | Не одговориле |
|---|---|---|---|---|
| Хуманост | 76,2 | 6,5 | 2,9 | 14,3 |
| Комуникација | 76,2 | 6,5 | 2,9 | 14,5 |
| Здраво живеење | 74,2 | 7,1 | 2,7 | 16,0 |
| Контрола на сопственото однесување | 74,1 | 9,2 | 3,1 | 13,5 |
| Учество на младите во одлучувањето во училиштето и во заедницата | 70,1 | 10,5 | 4,4 | 15,6 |
| Права и одговорности | 70,1 | 11 | 4,5 | 14,3 |
| Препознавање и развој на сопствените особини и вештини | 72,2 | 9,7 | 4,4 | 13,8 |
| Прифаќање и почитување на различностите | 69 | 11,1 | 5,9 | 14,1 |
| Свесност за себе како граѓанин | 68,6 | 9,7 | 8,2 | 13,5 |
| Справување со конфликти | 65,5 | 15,3 | 5,2 | 14,1 |
| Културата, културните институции и културниот идентитет | 64,1 | 14,5 | 6,8 | 14,6 |
| Разгледување различни гледишта и ставови | 64,1 | 15,6 | 6,5 | 13,6 |
| Улогата на граѓанинот во општеството | 64 | 15,4 | 0,5 | 14,1 |
| Религијата во општеството | 63,3 | 16,6 | 4,5 | 15,6 |
| Етичност | 62,7 | 14,8 | 8,3 | 14,2 |
| Владеење на правото | 61,9 | 15,9 | 7,2 | 14,9 |
| Република Северна Македонија како дел од Европа | 60,8 | 15,9 | 7,8 | 15,4 |
| Општествени девијации (на пр. насилно однесување, злоупотреба на дрога, алкохолизам) и нивна превенција | 59,9 | 16,8 | 8,2 | 15,1 |
| Припадност кон заедницата | 59,5 | 16,8 | 9,4 | 14,3 |
| Глобализацијата и општеството | 58,8 | 17 | 8,5 | 15,7 |
| Мултикултурализам и интегрирано живеење | 58 | 16,5 | 11,3 | 14,2 |
| Изразување емоции | 57,1 | 20,2 | 7,8 | 14,9 |
| Граѓанинот и одржливиот развој | 57 | 18,5 | 9,4 | 15,0 |
| Граѓанинот како потрошувач и штедач | 56,3 | 21,2 | 8,5 | 13,9 |
| Република Северна Македонија во меѓународните организации | 56,3 | 19,7 | 8,9 | 15,1 |
| Власта во функција на граѓаните | 53,6 | 22,2 | 8,6 | 15,6 |
| Демократски вредности | 51 | 23,6 | 10,4 | 15,0 |
| Граѓанските организации и групите на застапување | 50,8 | 23,7 | 10,9 | 14,5 |
| Општествената улога на државната и на јавната администрација | 49,4 | 24,4 | 11,6 | 13,6 |
| Изборите и демократските процеси во општеството | 49 | 27 | 8,3 | 15,7 |
| Како е организирана власта во Република Северна Македонија | 48,9 | 24,8 | 11,2 | 15,1 |
| Медиумите во демократското општество | 45,6 | 29,4 | 10,1 | 14,9 |

*(Процентот на одговори во секоја категорија одговори е пресметан од вкупниот број испитаници=733)*

Содржините што учениците ги издвоиле дека многу би сакале да ги учат се солидно покриени со новата модуларна наставна програма за предметот Граѓанско образование. Така, на пример, содржините хуманост и комуникација се интегрирани во првата модуларна единица, но и како посебни содржини во втората модуларна единица од наставната програма. Сепак, и содржините што се помалку атрактивни за учениците се дел од новата програма, а учениците што работат според неа навеле дека им се сложени и дека потешко ги разбираат.

Во дискусиите во фокус-групите, учениците потврдиле дека сакаат да работат на теми што им се блиски и поврзани со нивниот секојдневен живот, во врска со семејството, пријателите, прифаќањето и помагањето на другите. Како особено интересна ја истакнале обработката на содржината што се однесува на мултикултурализмот и интегрираното живеење:

***„Најмногу ми се допаѓа кога зборуваме за фамилијата, пријателите, религиите...“***

***„Најинтересна ми беше темата за култура, етникуми, поради тоа што живееме во мултиетничко општество, да се запознаеме со различни култури и да направиме аналогија со реалниот свет. ”***

Како **предизвик за учењето** учениците ги издвоиле содржините што се однесуваат на поделбата на власта, функционирањето на државата, политичките партии и сл. Дополнителен предизвик за нив претставува и начинот на работа на часовите, односно кога не се зема предвид нивното искуство, размислување и поврзување со примери од секојдневниот живот.

***„Најтешко ми е да ги разберам државните тела, како функционираат. Не ми е интересно, прва година сме, и на почетокот повеќе се фокусиравме на други поважни предмети, а не на овој.”***

***„Политиката не ја разбираме, не е за наша возраст. Политиката е најздодевна. Секој ден на телевизија политика. Сврти се лево-десно политика. Во школо, на часот, пак политика. Не сме на таа возраст да се замараме со политика.”***

***„Материјалот е како повторување од основно. Има нешто различно, но како од Википедија е. Досадно е. На пример, темата за корупција беше многу здодевна, бидејќи кога стана збор за примери каде има корупција се задржавме на примерот од учебникот, а не на вистинската слика каде се среќава корупција. Се беше само од книга. А не дека ние не знаеме каде има, туку не смееме да кажеме каде сè има корупција.”***

Како **дополнителни теми што би можеле да се вметнат во наставата по предметот Граѓанско образование** учениците предложуваа содржини што се поврзани со секојдневните животни предизвици со кои се соочуваат. Тие вклучија: одржливо живеење, сајбер безбедност, сексуално образование, однесување со почитување и сл.

***„Однесување спрема постари личности. Не знаат како да се однесуваат младите во ова општество.“***

***„Поголем акцент на екологијата.“***

***„Безбедно користење на Интернет.“***

***„Треба да се вметне тема за иднината. Како да се справиме, како реално економски да се справиме во оваа држава. Како да се справиме во животот сами без врски. Како да се насочиме, како да опстанеме без да има некој да ти помогне. Немаме појма како да се снајдеме.“***

***„Сексуално образование, еколошки акции и феминизам.“***

Иако некои од овие содржини се дел од модуларната програма, постои веројатност учениците да не ги изучувале доволно или пак да ги изучувале на несоодветен начин и неповрзани со секојдневниот живот.

Во дискусиите во фокус-групите, учениците беа запрашани за тоа **кои содржини ги поттикнуваат да размислуваат, да дискутираат дома, со пријателите и слично**, како показател на содржини што поттикнуваат внатрешна мотивација за самостојно учење. Тие ги посочиле содржините што се однесуваат на:

***„погрешните избори што можат да ги направат младите (алкохол, цигари,***

***дрога), разрешувањето конфликти, толеранцијата и како да се смириме со другите.“***

Наставниците учесници во фокус-групите забележале дека определени содржини од новата модуларна програма не се потребни бидејќи им се веќе познати на учениците. На пример, темата бизнис (јас – сопственик, производител, потрошувач) сметаат дека не е потребна во програмата по граѓанско образование, а особено не во стручните економски училишта. Исто така, содржините поврзани со демократија, според некои наставници, не се потребни поради доволните предзнаења на учениците за темата од основното образование. Новата наставна програма го има ова предвид и содржината за демократски вредности опфаќа мал дел од програмата.

Според наставниците, за учениците се најинтересни содржините: справување со конфликти, мир, толеранција, човекови права и слободи.

***„Според новата модуларна програма, учениците се заинтересирани кога се дискутира за религија, медиуми, учество.“***

***„Во последно време најинтересна тема за учениците е интеграцијата на Република Северна Македонија во однос на евроатлантските интеграции.“***

***„Во однос на проектните активности, учениците најмногу се заинтересирани за: наркоманија, алкохолизам и девијантни појави и темите од културата.“***

Наставниците предлагаат наставата да се дополни со содржини поврзани со сајбер насилство, критичко користење на медиумите (медиумска писменост), како и теми што се однесуваат на општествените движења, глобализацијата и колективното дејствување.

### 4.1.7 Потреба од поддршка за реализирање на содржините од наставната програма

Имајќи предвид дека наставниците што го предаваат предметот Граѓанско образование доаѓаат со различни образовни предзнаења од формалното образование, значајно беше да се утврди потребата од поддршка за реализација на содржините што се дел од новата модуларна програма. Значаен процент наставници (30-40%) изјавиле дека немаат потреба од поддршка за реализација на содржините. Сепак, речиси половината изјавиле дека имаат потреба од (голема или делумна) поддршка за реализација на следните содржини: власта во функција на граѓаните, општествената улога на државната и на јавната администрација, граѓанинот и одржливиот развој, граѓанските организации и групите на застапување, справување со конфликти, контрола на однесувањето, граѓанинот како потрошувач и штедач.

Наставниците имаат помала потреба од поддршка во однос на содржините: комуникација, етичност, демократски вредности и права и одговорности (Табела бр. 14).

**Табела бр. 14** **Степен на поддршка потребна за наставниците соодветно да ги реализираат следниве содржини во наставата по предметот Граѓанско образование**

| Категории на одговор | Потребна ми е ГОЛЕМА поддршка | Потребна ми е ДЕЛУМНА поддршка | НЕ ми е потребна поддршка | Не одговориле |
|---|---|---|---|---|
| Права и одговорности | 13,2 | 22,6 | 40,6 | 23,6 |
| Владеење на правото | 11,3 | 28,3 | 35,8 | 24,5 |
| Контрола на однесувањето | 11,3 | 27,4 | 35,8 | 25,5 |
| Република Северна Македонија како дел од Европа | 11,3 | 25,5 | 38,7 | 24,5 |
| Улогата на граѓанинот во општеството | 10,4 | 27,4 | 35,8 | 26,4 |
| Власта во функција на граѓаните | 10,4 | 35,8 | 26,4 | 27,4 |
| Општествената улога на државната и на јавната администрација | 10,4 | 34,0 | 30,2 | 25,5 |
| Република Северна Македонија во меѓународните организации | 10,4 | 32,1 | 33,0 | 24,5 |
| Изразување емоции | 9,4 | 27,4 | 36,8 | 26,4 |
| Медиумите во демократското општество | 9,4 | 28,3 | 37,7 | 24,5 |
| Културата, културните институции и културниот идентитет | 9,4 | 24,5 | 41,5 | 24,5 |
| Етичност | 8,5 | 22,6 | 41,5 | 27,4 |
| Мултикултурализам и интегрирано живеење | 8,5 | 31,1 | 34,9 | 25,5 |
| Граѓанинот и одржливиот развој | 8,5 | 36,8 | 27,4 | 27,4 |
| Граѓанските организации и групите на застапување | 8,5 | 38,5 | 30,2 | 25,5 |
| Свесност за граѓанскиот идентитет | 7,5 | 36,8 | 32,1 | 23,6 |
| Комуникација | 7,5 | 18,9 | 48,1 | 25,5 |
| Демократски вредности | 7,5 | 28,3 | 40,6 | 23,6 |
| Разгледување различни гледишта и ставови | 7,5 | 32,1 | 35,8 | 24,5 |
| Хуманост | 7,5 | 20,8 | 46,2 | 25,5 |
| Прифаќање и почитување на различностите | 7,5 | 27,4 | 40,6 | 24,5 |
| Препознавање и развој на сопствените особини и вештини | 6,6 | 35,8 | 32,1 | 25,5 |
| Припадност кон заедницата | 6,6 | 35,8 | 32,1 | 25,5 |
| Граѓанинот како потрошувач и штедач | 6,6 | 41,5 | 25,5 | 26,4 |
| Религијата во општеството | 6,6 | 32,1 | 35,8 | 25,5 |
| Како е организирана власта во Република Северна Македонија | 6,6 | 26,4 | 42,5 | 24,5 |
| Глобализацијата и општеството | 5,7 | 28,3 | 39,6 | 26,4 |
| Справување со конфликти | 4,7 | 37,7 | 31,1 | 26,4 |
| Изборите и демократските процеси во општеството | 4,7 | 25,5 | 44,3 | 25,5 |

*(Процентот на одговори во секоја категорија одговори е пресметана од вкупниот број испитаници=106)*

Овие податоци укажуваат дека наставниците се доста самокритични во поглед на познавањето на определени содржини карактеристични за новата програма, а кои не се застапени во претходните програми. Дополнително, тие имаат тешкотии и во изнаоѓање соодветни и релевантни материјали за учење.

Имајќи предвид дека учебникот по предметот Граѓанско образование за IV година за средните стручни училишта издаден од Министерството за образование и наука во 2010 година не е усогласен со новата наставната програма, во него ги нема сите наставни единици од програмата, а има една тема повеќе во однос на програмата (Социјален живот и социјална политика). Поради ова, наставниците бараат дополнителна поддршка во форма на прирачник со креативни активности за учениците и со кратки видеа бидејќи учениците повеќе сакаат да учат визуелно. Во табелата подолу е даден компаративен приказ на содржините од модуларно дизајнираната наставна програма наспроти содржините во учебникот.

**Табела бр.15 Компаративен приказ на наставните содржини по предметот Граѓанско образование**

| Модуларно дизајнирана наставна програма | Учебник за Граѓанско образование |
|---|---|
| **Наслов на темите и на содржините/лекциите во учебникот** | |
| **Граѓански идентитет – претстава за себе како граѓанин:**<br>➢ Свесност за граѓанскиот идентитет<br>➢ Препознавање и развој на сопствените особини и вештини<br>➢ Контрола на однесувањето<br>➢ Етичност<br>➢ Изразување емоции | **Човек, општество, култура**<br>➢ Човекот како природно и општествено суштество<br>➢ Личноста и општеството<br>➢ Како ги истражуваме личноста и општеството<br>➢ Култура<br>➢ Културен идентитет, културен релативизам и етноцентризам<br>➢ Вредности, норми и обичаи<br>➢ Религија<br>➢ Социјализација<br>➢ Општествени отстапувања (девијации) |
| **Граѓанска поврзаност:**<br>➢ Комуникација<br>➢ Разгледување различни гледишта и ставови<br>➢ Припадност кон заедницата<br>➢ Хуманост<br>➢ Прифаќање и почитување на различностите<br>➢ Мултикултурализам и интегрирано живеење<br>➢ Справување со конфликти | **Општествено групирање**<br>➢ Јас меѓу другите<br>➢ Општествени улоги<br>➢ Групите во општеството<br>➢ Семејство<br>➢ Положбени групи (слоевитост и мобилност)<br>➢ Етнички групи<br>➢ Полови и родови разлики |
| **Граѓанинот во граѓанско општество**<br>➢ Улогата на граѓанинот во општеството<br>➢ Права и одговорности<br>➢ Граѓанинот и одржливиот развој<br>➢ Граѓанинот како иноватор и претприемач<br>➢ Граѓанинот како потрошувач и штедач<br>➢ Граѓанските организации и групите на застапување<br>➢ Медиумите во демократското општество<br>➢ Религијата во општеството<br>➢ Културата, културните институции и културниот идентитет | **Јас – граѓанинот**<br>➢ Што сме како граѓани и државјани?<br>➢ Што е власт и за што служи?<br>➢ Основни права и слободи на човекот<br>➢ Граѓански и политички права и слободи<br>➢ Економски, социјални и културни права<br>➢ Демократијата и нејзините основни карактеристики<br>➢ Демократската држава и други форми на државно уредување<br>➢ Граѓански здруженија<br>➢ Политичко претставување – избори<br>➢ Политичкиот систем на Р. Македонија |
| **Граѓанинот и државата**<br>➢ Демократски вредности<br>➢ Власта во функција на граѓаните<br>➢ Како е организирана власта во Република Северна Македонија<br>➢ Владеење на правото<br>➢ Изборите и демократските процеси во општеството<br>➢ Општествената улога на државната и на јавната администрација | **Јас – сопственик, производител, потрошувач**<br>➢ Потребите, трудот, производството и потрошувачката<br>➢ Општествена поделба на трудот и економска специјализација<br>➢ Сопственост и капитал<br>➢ Пазарот и парите<br>➢ Државата и пазарот<br>➢ Видови претпријатија |
| **Граѓанинот и светот**<br>➢ Глобализацијата и општеството<br>➢ Република Северна Македонија во меѓународните организации<br>➢ Република Северна Македонија како дел од Европа | **Ние во Европа и светот**<br>➢ Современиот свет и негова глобализација<br>➢ Европа и нејзина интеграција<br>➢ Македонија во Европа и во светот |
| | **Социјален живот и социјална политика**<br>➢ Население, структура, движење<br>➢ Демографска политика (планирање на семејство)<br>➢ Социјална заштита и социјална политика<br>➢ Социјално осигурување<br>➢ Екологија – заштита на животната средина<br>➢ Хуманитарно дејствување |

### **4.1.8** Согледувања за нивото на постигнување на целите за учество на учениците во активности за подобрување на заедницата

Новиот пристап кон граѓанското образование содржи цели што подразбираат излегување од традиционалниот пристап на теоретско изучување на содржините и кои бараат реално практикување граѓански вештини и определено однесување во рамки на училницата, училиштето и на заедницата. Поради тоа, беше испитувано колку, општо земено, учениците се вклучени во активности за позитивна промена во заедницата.

Во однос на стекнувањето граѓански компетенции преку ангажирање во заедницата, учениците во мал процент (21 %) се изјасниле дека некогаш учествувале во активности за подобрување на заедницата (еколошки, хуманитарни, уметнички акции).

**Табела бр. 16 Ученици што некогаш учествувале во активности за подобрување на заедницата во која живеат**

| Категории на одговор | Број | Процент |
|---|---|---|
| ДА | 153 | 20,9 |
| НЕ | 481 | 65,6 |
| Не одговориле | 99 | 13,5 |
| **Вкупно** | **733** | **100** |

Од учениците што одговориле со „да“ се бараше да напишат кога и во какви активности учествувале. Според добиените одговори, 61 ученик учествувал во еколошки акции, а 46 ученици во хуманитарни акции, во најголем дел во соработка со Црвен крст.

Во дискусиите во фокус-групите, учениците што работат според новата модуларна програма истакнале дека во текот на учебната година многу малку биле поттикнати да преземаат акции за подобрување на заедницата, иако програмата содржи вакви резултати од учењето (како на пример: ученикот/-чката е способен/-на да: го проценува значењето на припадноста кон заедницата и придобивките на заедницата од поединците во градењето на заедничките вредности; ги поврзува хуманоста, човековите права и меѓународното хуманитарно право со положбата на ранливите категории луѓе и се застапува за нивно почитување; ја препознае својата улога како граѓанин и ги идентификува можностите за активно учество во општествениот живот).

***„Не сме слушнале за активности за да помогнеме во заедницата, не стигнале тие информации до нас.“***

***„Во основно - иницијативи за чистење на дворот и околината. Потоа хуманитарна акција за Ромите. Но, нема никакви иницијативи од предметот.“***

Сепак учениците сметаат дека активности за подобрување на заедницата може да се организираат и имаат различни идеи како може тоа да се реализира.

***„Граѓанското образование е реален свет и треба да ја имаме културата и да излеземе од рамката на предметот. На секои две недели да има некоја практична настава во врска со практична обработка на некоја тема, како некоја работилница. И тоа можеби ќе ги поттикне и другите училишта да се поврзат, да се направи нешто интересно, да се вклучат во активноста.“***

***„Содржините од граѓанско многу малку нè поттикнуваат да учествуваме во вакви активности. Повеќе има дискусија, но тоа не можеме да го примениме. На пример, за рециклирање или за заштита на животните. Убаво би било да бидеме поттикнати од училиштето да направиме здружение. Бидејќи не знаеме каде да се обратиме ако сакаме да се вклучиме во некое решение.“***

Наставниците сметаат дека со поттикнување на учениците да се вклучуваат во работа на различни здруженија/организации (Црвен крст, клубови, детски/младински центри) (64,2%), како и преку охрабрување на учениците да учествуваат во работата на ученичката заедница (52,8%), може да го поддржат стекнувањето граѓански компетенции. Сепак, ако се имаат предвид одговорите на учениците, тие недоволно го поттикнуваат ученичкото учес-

тво во различните форми што им се на располагање.

Во тој контекст, во дискусиите во фокус-групите, наставниците што работат според **модуларната програма за средните стручни училишта** истакнуваат дека таа нуди повеќе можности учениците да ги разберат проблемите со кои се соочува заедницата (училиштето и локалната заедница), да препознаат решенија и да се вклучат во активностите на заедницата. Тие констатираат дека новата модуларна наставна програма многу повеќе ги мотивира и ги активира учениците. Тие дискутираат, критикуваат и градат ставови, но недостигаат финансиски средства за да се реализираат ваков вид активности во заедницата.

Споредбено со нив, наставниците што работат **според старата програма** сметаат дека во програмата има повеќе теорија отколку активности, па ако наставниците се придржуваат кон неа, наставата треба да се изведува класично.

***„Мора да признаеме дека актуелната наставна програма дава премалку можност учениците да ги насочуваме кон активности што конкретно би ги демонстрирале резултатите од учењето т.е. целите што би биле фокусирани кон вредностите, однесувањето, ученичките иницијативи.“***

***„Воглавно наставната програма повеќе е фокусирана на теоретски знаења отколку на демонстрирање на наученото.“***

Наставниците што ја реализираат **програмата за проектни активности по Граѓанска култура** истакнуваат дека сè зависи од креативноста на наставникот и дека сè што се прави, се прави практично. Наставниците како позитивен пример за проектна активност насочена кон помагање во заедницата ја истакнале проектната активност од хуманитарен карактер, каде што учениците организираат собирање облека и обувки. Собраните парчиња ги донираат за семејства во социјален ризик, што се реализирала во соработка со локалната самоуправа.

**Табела бр. 17 Начини на кои наставниците може да го поддржат стекнувањето граѓански компетенции преку активности надвор од редовната настава**

| Категории на одговор | Број | Процент |
|---|---|---|
| Преку поттикнување на учениците да се вклучуваат во работа на различни здруженија/организации (пр. Црвен крст, клубови, детски/младински центри) | 68 | 64,2 |
| Преку охрабрување на учениците да учествуваат во работата на ученичката заедница | 56 | 52,8 |
| Преку организирање дополнителни предавања, дебати и дискусии | 50 | 47,2 |
| Преку организирање средби со експерти за некоја тема од програмата | 45 | 42,5 |
| Нешто друго (наведете)* | 2 | 1,9 |

*(Процентот на одговори во секоја категорија одговори е пресметана од вкупниот број испитаници=106)*

**Дебати, ораторство; преку средба со експерти за некоја тема од програмата.*

## 4.2 Согледувања на наставниците и учениците за методите за реализација на наставата

Во наставните програми се препорачуваат и различни методи на работа: групна и самостојна, текст-метода, работилници, демонстрација, симулација, дебата, дискусии, презентација и истражување.

Препорачаните активности бараат различно ниво на когнитивно ангажирање на учениците (помнење, разбирање, анализа и примена). Тие може да ги насочат наставниците кон организирање на наставата преку активно вклучување на учениците и кон развивање на критичко мислење кај

нив. Делот од анализата што следува се однесува на наставните методи и техники што учениците би сакале да се применуваат, како и на тие што наставниците ги сметаат за применливи во наставата по предметот Граѓанско образование[5].

### Согледувања за наставата и за поддршка на учењето

Согледувањата за реализацијата на наставата се групирани во две тематски подрачја: 1) методи на реализација на наставата и 2) поддршка на учењето на учениците.

За време на наставата по граѓанско образование, учениците би сакале да се применуваат методи во кои ќе можат искуствено да научат, со посета на институции и на организации (42%), преку гледање снимени материјали на ТВ или на Интернет и дискутирање (41,1%), како и преку дискусија на теми предложени од учениците (36,6%). Најмалку би сакале да се применува методот учениците да подготвуваат и да предаваат некои од лекциите (22,5%), што многу често се случува во практиката.

Наставниците правеа процена за степенот на применливоста на методите посочени во наставната програма за постигнување на целите по предметот Граѓанско образование. Според нив, многу применливи методи се: дискусија на теми предложени од учениците (43,4%), учениците да работат во мали групи или во парови (39,6%) и гледање снимени материјали на ТВ или на Интернет и дискутирање (34%).

Ако се споредат добиените одговори од учениците со одговорите на наставниците (Табела бр. 18), може да се забележат три критични точки на кои треба да се работи за подобрување на квалитетот на наставата по граѓанско образование. Прво, учениците многу би сакале да посетуваат институции и организации за да можат тоа што го учат и искуствено да го проверат (искажано во дискусиите во фокус-групите), но за наставниците овој метод е речиси неприменлив. Второ, учениците сакаат да истражуваат, како за време на часовите, така и надвор од часовите, но наставниците се порезервирани во поглед на можностите за реализација на истражувања надвор од часовите. Трето, она што е многу важно за новата модуларна наставна програма, поттикнувањето на активното учество на учениците и преземање иницијативи е посакувано од страна на учениците, но наставниците не се доволно подготвени за примена на овие методи. Општо земено, наставниците се поскептични во споредба со учениците во поглед на примената на методи што подразбираат излегување надвор од училницата и практикување граѓанско однесување во заедницата. Наставниците имаат тенденција да се држат до традиционалните начини на реализација на наставата по предметот Граѓанско образование, со фокус на методите што бараат соработка, дискусија, анализа на случаи и сл. Овој податок е уште еден доказ за потребата наставниците да добијат поддршка во примената на методите чија цел е развивање граѓански вештини, вредности и однесувања.



[5] Се испитуваа посакуваните методи на настава, бидејќи најголем дел од учениците-испитаници немаат Граѓанско образование во прва година.

**Табела бр. 18** **Приказ на методите што учениците би сакале да се применуваат за време на наставата по предметот Граѓанско образование, а кои наставниците ги процениле од аспект на нивната применливост**

| Категории на одговор | Наставни методи (%) | |
|---|---|---|
| | Ученици<br>Многу би сакал/а | Наставници<br>Многу применлива |
| Учениците посетуваат институции, организации | 42,0 | 7,9 |
| Гледање на снимени материјали на ТВ или на Интернет и дискутирање | 41,1 | 34 |
| Се дискутира на теми предложени од учениците | 36,6 | 43,4 |
| Учениците се вклучуваат во активности за подобрување на заедницата (на пр. еколошки акции, хуманитарни акции, дискусии за прашања од интерес за младите и сл.) | 35,9 | 33 |
| Спроведување истражувања за време на часовите | 34,4 | 15,1 |
| Се изнаоѓаат решенија за реални проблемски ситуации што се случуваат во околината | 34,2 | 33 |
| Симулација на реални ситуации | 33,3 | 26,4 |
| Наставникот предава, учениците слушаат | 32,6 | 19,8 |
| Спроведување истражувања надвор од училиштето | 32,5 | 6,6 |
| Учениците работат во мали групи или во парови | 31,9 | 39,6 |
| Се постапува по иницијатива (активност за подобрување на заедницата) предложена од учениците | 29,6 | 15,1 |
| Учениците изработуваат шеми, мисловни мапи, гроздови, рибина коска, дијамант и сл. | 24,4 | 23,6 |
| Учениците подготвуваат и предаваат некои лекции | 22,5 | 25,5 |
| Друго* | 1,7 | 3,2 |

**Друго (ученици): презентации на проектор или ТВ; професорите да оставаат повеќе време при крајот на часовите за дебатирање и слично; часовите да бидат одржувани со повеќе практична работа за поголема комуникација и за побрзо и подобро изучување на лекциите.*

**Друго (наставници): организирање дебати, драматизацијата како интерактивен метод за работа во групи; читање и работа со текст, индивидуално (самостојно испрашување и одговарање).*

Во дискусиите фокус-групите, на наставниците им беше поставено прашањето **колку, за време на часовите, имаат можност да им ги објаснуваат сите прашања и поими поврзани со предавањето на учениците, како и преку кои методи и техники го прават тоа.**

Наставниците, без разлика по која програма работат, истакнаа дека на часот користат современи интерактивни методи и техники и сметаат дека наставата по граѓанско образование не ни може поинаку да се реализира. Методите што најчесто ги користат се: бура на идеи, групна работа, играње улоги, симулација на избори, дебати, квизови, социодрама, решавање проблеми, истражување и др.

Учениците што работат според новата програма потврдуваат дека на часовите се работи на различни начини (во групи, проектни активности, дискусии, презентации и сл.), но сепак би сакале за време на часовите повеќе да се слуша нивниот глас и да учат искуствено:

***„Би сакале сами да предложиме, избереме тема и да говориме опуштено за тоа.“***

***„На пример, убаво би било да имаме глумење на час. Поинтересно ќе биде и ќе се дознае како ние го замислуваме тоа...“***

***„Треба да има некој вид на практична нас-тава, односно да се искуси она што треба да го знаеме за во иднина, односно во реалноста, во животот. Некакви дебати, дискусии, нешто... Само не лекции и дефи-ниции.“***

***„Би сакал да работиме во групи, многу е убаво кога ги искажуваме нашите мисли во врска со различните теми. Исто како што зборуваме послободно тука (н.з. во фокус-групата) би можело и на часовите.“***

**Поддршка на учењето**

Современата настава претполага уште на часот да се случува најголем дел од учењето, особено кај предметите како што е Граѓанското образование, кај кои целите во голема мерка се однесуваат на формирање ставови и градење систем на вредности. Затоа голем број од прашањата се однесуваа на поддршка на учењето.

**Објаснување на поимите што се учат**

Во модуларно дизајнираната програма по предметот Граѓанско образование за прва година се наведени вкупно 82 поими што треба учениците да ги усвојат. Со поголемиот број од нив учениците веројатно се сретнале и во основното образование. Тоа најчесто не се едноставни поими што лесно се разбираат и лесно се дефинираат. Оттука, важно е уште на часовите наставникот да им помогне на учениците точно да ги разберат сите или повеќето поими што се среќаваат во некоја тема.

Во дискусиите во фокус-групите учениците беа запрашани **колку наставникот/-чката додека предава добро им ги објаснува сите прашања и поими поврзани со содржината на предавањето и ако нешто не им е јасно, дали поставуваат прашања.** Според учениците, наставниците објаснуваат онолку колку што им дозволува времето бидејќи треба да диктираат, со оглед на тоа дека нема учебник за програмата, нема нагледни средства и сл.

***„Професорот ни објаснува со давање примери, така полесно разбираме.“***

***„Наставникот ни објаснува, но за некои случаи ни вика: да бевте четврта година поинаку би ви објаснил.“***

***„Понекогаш професорката ни кажува до-полнителни информации на темата до-колку има информации, но не секогаш знае да ни одговори на нашите прашања и ќе ни каже сами да истражиме.“***

***„Слободно прашуваме, но одговорите што ги добиваме се како дефиниции.“***

Поголем дел од учениците учесници во дискусиите во фокус-групите истакнаа дека се чувствуваат слободни **да ги искажат своите мислења и идеи за време на часот без да се плашат дека ќе бидете критикувани од соучениците или од наставникот.** Но, сепак, дел од учениците почувствувале дека ова прво искуство со реализација на предметот Граѓанско образование во прва година е предизвик и за дел од наставниците (дел од наставниците не успеале да го приспособат пристапот на ученици од прва година).

***„Со професорот не се чувствуваме многу слободни, а меѓу себе сме слободни.“***

***„Со професорот не можеме да бидеме многу слободни бидејќи нон-стоп ни вика дека ако бевте повозрасни, поинаку би ви објаснил.“***

**Активно учество на учениците**

Во наставата по сите предмети се очекува учениците да може активно да учествуваат во активностите на часот и да може слободно да ги искажат своите мислења и идеи. По предметот Граѓанско образо-

вание се очекува тоа да биде редовна практика во наставата, со оглед на тоа што учениците треба да учат не само преку теоријата, туку и преку активно учество и практикување слободно изразување и одлучување, без да бидат критикувани за тоа. Наставниците сметаат дека учениците се чувствуваат слободно да го искажат сопственото мислење на часовите.

Но, од одговорите на учениците на прашањето **колку ги поттикнува наставникот/-чката активно да учествувате на часот (на пример да дискутираат, да прават истражување, проекти, да глумат ситуации и сл.),** во дискусиите во фокус-групите многу мал број ученици истакнале дека се поттикнати на активно учество на часовите.

***„Професорката најчесто ни дава аргументи спротивни на нашите за да види како ќе реагираме, за да ја види нашата гледна точка на ситуацијата.“***

***„Професорката нè прашува за наше мислење и ги прима нашите информации. Потоа нешто додава или одзема, поправа ако нешто е погрешно.“***

***„Ако ни е интересна темата, сите сме активни и нема потреба да нè поттикнува.“***

**„Поголем дел од учениците имале спротивно искуство.“**

***„Многу слабо нè поттикнуваат да го споделиме нашето мислење. Тоа е поради тоа што голем дел од часовите само седиме и се досадуваме додека професорката предава, а ние пишуваме во тетратка и нема време за развивање дискусија.“***

***„Многу слабо не поттикнува да го изразиме нашето мислење. Најчесто часовите се еднонасочни, професорката ќе предаде сè и ќе немаме време за развивање дискусија.“***

***„До сега во нашиот клас имавме само два пати интересни вежби, но сепак тоа не е нешто многу специфично и интересно.“***

Може да се заклучи дека иако програмата подразбира активно учество на учениците и практикување демократско однесување за време на часовите, не сите наставници ги практикуваат овие принципи во практиката.

## 4.3 Оценување на постигањата по предметот граѓанско образование

Во модуларно дизајнираната програма за предметот Граѓанско образование има насоки за оценување на постигањата на учениците. Наведено е следното:

*Постигнувањата на учениците во текот на наставата се следат и се вреднуваат со користење на критериумите за оценување коишто, всушност, во наставната програма се прикажани како стандарди за постигнувањата во однос на секој резултат од учењето и опишуваат што се очекува од ученикот да направи за да покаже дека е постигнат резултатот од учењето. Во текот на наставата се следат активностите за учење, мотивираноста за учење, соработката со другите, критичкиот однос кон наученото и творечкиот однос кон наученото, односно градењето свои ставови и размислувања за одредени прашања од наставниот материјал. Тие сознанија се користат за поддршка на учениците во учењето. Притоа се користат различни стратегии и техники за формативно оценување, вклучувајќи ги и самостојното оценување и заемното оценување.*

*Основа за сумативното оценување се критериумите за оценување коишто треба да се доконкретизираат на ниво на училиште или на ниво на заедници на училишта/заедници. Сумативните оценки се определуваат врз основа на користење различни методи и техники на оценување усогласени со критериумите за оценување (есејски прашања, тестови, усни презентации, проекти). На оценката не влијаат ставовите на учениците за определени општествени прашања, туку се оценува оспособеноста за анализа, интерпретација и евалуација.*

*Секој ученик редовно е информиран за своите постигања, а исто така се информираат и родителите за постигањата на ученикот. Оваа компонента е составен дел*

*на планирањето на наставникот за наставата и учењето.*

Во наставните програми **Граѓанско образование за четврта година за економската, правната и трговската струка во средното стручно образование и Граѓанско образование за четврта година за сите профили за стручното образование освен за економската, правната и трговската струка** се наведува следното:

*Увидот во напредокот на знаењата и способностите на учениците треба да биде планиран, систематски и перманентен. Истиот треба да се врши на различни начини (усно и писмено) со наменски изработени инструменти (тестови на знаења и прашалници). За постигањето на учениците наставникот треба да изготви стандарди, што треба да ги знаат учениците, а и нивните родители. Со ваквиот приод во оценувањето ќе се развива и чувството на самокритичност во процената на своите знаења.*

Во **програмата за проектна активност за Граѓанска култура** се наведува:

*Доказ за добро извршена задача е потписот на наставникот (ментор што ја следи работата на учениците), кој треба да стои на евидентниот лист што го пополнува ученикот по секоја завршена активност.*

Добиените податоци од анкетирањето покажуваат дека одговорите на учениците (40%) и на наставниците (47,2%) во однос на оценувањето се поклопуваат, односно дека и едните и другите сметаат дека оценувањето треба да биде бројчано од еден до пет. Поголем дел од учениците (39,2%) сакаат наставникот усно да им каже колку постигнале и да им даде насоки за подобрување, помал дел од учениците се изјасниле за писмена повратна информација (19,1%), врсничко оценување (17,2 %) и самостојно оценување (16%).

15,4% од учениците одговориле дека нема потреба од оценување на часовите по Граѓанско образование (учениците имаа можност да изберат повеќе одговори на поставеното прашање).

Мал процент и од наставниците (5,7%) одговориле дека нема потреба учениците да се оценуваат. Во однос на можноста за описно оценување на учениците, наставниците се поделени, 13,2% сметаат дека оценувањето треба да биде само описно, вклучувајќи го однесувањето и активноста на час, додека 13,2% од наставниците сметаат дека оценувањето треба да биде комбинирано, и бројчано и описно (на ова прашање не одговориле 21,7% од наставниците).

Во дискусиите во фокус-групите со учениците, врз основа на нивните искуства од реализацијата на модуларната програма, сметаат дека за предметот не се неопходни класични начини на оценување преку тестови или сл.

***„Не треба да има тестови или нешто такво по овој предмет, за овој предмет треба дискусија. Значи да се оценува по дискусии, а не по пишување планови.“***

Наставниците што беа анкетирани правеа процена во однос на времето и на можностите да користат различни начини на оценување на постигањата. Според одговорите, може да се утврди дека наставниците имаат време и можности за давање на усна повратна информација и насоки за подобрување, што е доста позитивна информација имајќи ги предвид сознанијата дека квалитетна и навремена повратна информација е најдобар начин за поддршка на учењето. Сепак, имаат помалку време, можности, па можеби и недоволно познавање на методите за самостојно и за врсничкото оценување (Табела бр. 19).

**Табела бр. 19** **Процена на можностите за користење различни начини на оценување**

| Категории на одговор | Во голема мера | Донекаде | Во мала мера | Речиси и да не можам | Не одговориле |
|---|---|---|---|---|---|
| На учениците да им дадете усна повратна информација и насоки за подобрување | 51,9 | 19,8 | 2,8 | 2,8 | 22,6 |
| На учениците да им дадете писмена повратна информација и насоки за подобрување | 2,3 | 29,2 | 15,1 | 4,7 | 22,6 |
| Секој ученик да се оценува самостојно, врз основа на определени критериуми | 26,4 | 29,2 | 16,0 | 3,8 | 24,5 |
| Учениците меѓусебно да се оценуваат врз основа на определени критериуми | 20,8 | 36,8 | 18,9 | 0,9 | 22,6 |

*(Процентот на одговори во секоја категорија одговори е пресметана од вкупниот број испитаници=106).*

## 4.4 Согледувања за материјалите за учење

Во однос на тоа кои материјали може да се користат за изучување на содржините по предметот Граѓанско образование, учениците на прво место го издвоиле учебникот (45,3%), а потоа видеа/филмови (40,7%) и содржини од Интернет (весници/списанија, енциклопедии, книги) (28%). Учениците, очигледно, не се навикнати да комбинираат различни видови материјали за време на наставата и имаат тенденција да се насочуваат кон материјалите што се користат традиционално во наставата.

**Табела бр. 20** **Согледувања на учениците за тоа од какви материјали би сакале да го изучуваат предметот Граѓанското образование**

| Категории на одговор | Број | Процент |
|---|---|---|
| Учебник | 332 | 45,3 |
| Видеа/филмови | 298 | 40,7 |
| Содржини од Интернет (весници/списанија, енциклопедии, книги) | 205 | 28,0 |
| Работни листови | 147 | 20,1 |
| Истражување на посочена литература (весници/списанија, енциклопедии) | 118 | 16,1 |

*(Процентот на одговори во секоја категорија одговори е пресметана од вкупниот број испитаници=733)*

Имајќи го ова предвид, немањето учебник за новата модуларна програма претставува сериозен предизвик за учениците. Во дискусиите во фокус-групите, учениците што го изучуваат предметот Граѓанско образование според модуларната програма истакнаа дека недостигот од учебник им ги отежнува наставата и учењето.

***„Немаме учебник и вака е потешко, понапорно. Сакаме да користиме видеа, фотографии, поинтересно е кога го гледаш и се концентрираш полесно.“***

***„Да имаме учебник, бидејќи со пишувањето се одзема многу време од часот, не останува време за дискусии.“***

***„Некогаш професорката слика од учебник лекции и ни ги испраќа.“***

***„Значи од материјали имаме само диктат од професорката на најбитните делови, сувопарно учење што не нѐ мотивира.“***

Учениците ги истакнуваат и карактеристиките што би требало да ги има учебникот (прашања, задачи), како и другите материјали од кои би сакале да учат.

***„Во учебникот треба да има прашања, задачи за истражување, а не многу долги текстови.“***

***„Да има повеќе како филмови или нешто што ќе можеме да гледаме, бидејќи така поубаво ќе сфатиме. Колку и да прочитаме, нема повеќе да сфатиме ако не го примиме визуелно.“***

И за наставниците, учебникот е ресурс број еден за успешна реализација на наставата по предметот Граѓанско образование (59,4%), по што следуваат онлајн ресурсите (55,7%) и прирачниците за наставници (50%).

**Табела бр. 21 Потребни ресурси за успешна реализација на наставата по Граѓанско образование/Граѓанска култура**

| Категории на одговор | Број | Процент |
|---|---|---|
| Учебник | 63 | 59,4 |
| Он-лајн ресурси | 59 | 55,7 |
| Прирачници за наставник | 53 | 50,0 |
| Работни листови | 53 | 50,0 |
| Дополнителна литература за наставните содржини | 47 | 44,3 |

*(Процентот на одговори во секоја категорија одговори е пресметана од вкупниот број испитаници=106)*

**Друго: да имаме можност за практична настава, т.е. посета на институции, културни знаменитости, дебати со општинските власти, симулации на совет на општина и сл.; ТВ, ЛЦД-проектор; соодветни обуки; специјализирана училница со потребна училишна инфраструктура според стандардите за простор и опрема утврдени во наставната програма по предметот од 2002 година надополнета со компјутери, принтер и проектор.*

Наставниците-учесници на фокус-групите наведуваат дел од проблемите со наставните материјали, како недостигот од учебник за потребите на модуларната програма, застареност на содржини во учебниците што се користат во четврта година, недостигот од прирачници за наставници и сл.

***„Потребен е прирачник за наставниците за реализација на наставната програма со практични вежби за часот.“***

***„Потребни се документарни филмови, младите сакаат повеќе визуелно да учат.“***

***„Потребна ни е повеќе практична поддршка, отколку теоретска.“***

***„Во актуелните учебници има сериозни недостатоци особено при преводот на албански јазик.“***

Од одговорите на наставниците во дискусиите во фокус-групите може да се заклучи дека на часовите користат: дигитални содржини, весници/списанија, слики и цртежи, видеоматеријали/аудиоматеријали и други книги. Одговорите на учениците упатуваат на тоа дека дополнителните извори на учење им се потребни за подобро разбирање на содржините, а како најкорисни ги наведуваат дигиталните содржини, други книги, весници/списанија, слики/цртежи и видеоматеријали и аудиоматеријали. Општо земено, одговорите на наставниците и на учениците се компатибилни, но упатуваат на фактот дека наставниците би можеле да употребуваат повеќе дополнителна литература за време на наставата бидејќи учениците ја сметаат за корисна.

Особено се нагласува потребата од прирачници за реализација на поединечни цели од програмата што се постигнуваат преку современи интерактивни наставни методи. Според зборовите на дел од наставниците, ваквите прирачници се многу корисни и практични бидејќи нудат конкретни модели за обработка на поединечни наставни единици.

## 4.5 Согледувања на наставниците за професионалниот развој

Имајќи предвид дека наставниците по предметот Граѓанско образование, изминатите години немале формални обуки за нивниот наставен предмет, беше значајно да се испита на кој начин професионално се надградувале за спроведување на наставата. Одговорите на наставниците на прашањето **дали учествувале на некоја обука поврзана со нивната работа во текот на изминатите 3 години** се прикажани во Табелата бр. 22 подолу.

**Табела бр. 22 Број на наставници што учествувале на обуки во текот на изминатите 3 години**

| Категории на одговор | Број | Процент |
|---|---|---|
| Да | 47 | 44,3 |
| Не | 58 | 54,7 |
| Не одговориле | 1 | 0,9 |
| **Вкупно** | **106** | **100** |

Податоците упатуваат на недоволно учество на професионални обуки кај повеќе од половина од наставниците, што претставува загрижувачки податок. Оние што учествувале, најчесто посетувале обуки за активни методи на учење и подучување и создавање иновативни училишта (Табела бр. 23).

**Табела бр. 23** **Приказ на темите следени во обуките во изминатите 3 години**

| Категории на одговор | Број | Процент |
|---|---|---|
| Активни методи на учење и на подучување | 12 | 16,2 |
| Настава и учење во 21. век, создавање иновативни училишта: подготвување на учениците за 21. век | 10 | 13,5 |
| Надградба на граѓанските, социо-политичките и демократските капацитети на средношколските наставници по Социологија и Граѓанско образование и нивните ученици | 6 | 8,1 |
| Меѓуетничка интеграција во образованието | 4 | 5,4 |
| Нов наставен концепт за Граѓанско образование за VIII одделение | 3 | 4,1 |
| ЕУ за наставници | 3 | 4,1 |
| Демократијата и Собранието | 3 | 4,1 |
| Обука за примена на ресурсен пакет за ученичко учество и заштита на детските права | 2 | 2,7 |
| Профил на модерен наставник | 2 | 2,7 |
| Основна обука за јакнење на капацитетите на наставниците, општинските службеници и на родителите за превенција од радикализација што води до насилство | 2 | 2,7 |
| Примена  на модуларната програма по предметот Граѓанско образование за прва година | 2 | 2,7 |
| Ефикасна комуникација | 2 | 2,7 |
| Изработка и примена на Padlet, QR, Giphy | 2 | 2,7 |
| Формативно следење на постигањата на учениците | 2 | 2,7 |
| Употреба на документарни креативни филмови во наставата (Македокс) | 2 | 2,7 |
| Демократијата и човекови права | 1 | 1,4 |
| Социјална кохезија | 1 | 1,4 |
| Дебата за местото на социологијата во образовниот систем на Република Македонија – случувањата со граѓанското образование и повлекувањето на учебници во средното и во високото образование како повод | 1 | 1,4 |
| Вештини за вработување | 1 | 1,4 |
| Дебата во наставата | 1 | 1,4 |
| Методи и техники на истражување на личноста и општеството | 1 | 1,4 |
| Неформални методи за работа со млади | 1 | 1,4 |
| Професионални компоненти кај директорите, стручните соработници и кај наставниците | 1 | 1,4 |
| Разрешување конфликти | 1 | 1,4 |
| Насоки за изработка на проектна задача во рамки на државната матура | 1 | 1,4 |
| Човекови права | 1 | 1,4 |
| Младинска работа | 1 | 1,4 |
| За поединецот и неговиот идентитет | 1 | 1,4 |
| Инклузивно образование | 1 | 1,4 |
| Право на родово чувствително и безбедно училиште | 1 | 1,4 |
| Кариерно советување | 1 | 1,4 |
| Проект „Интеркултурна размена меѓу ученици од Македонија и Молдавија " – работилници  за идентитет и персонален развој, интеркултурна комуникација и детски права | 1 | 1,4 |
| **Вкупно одговори** | **74** | **100** |

Прашалникот нудеше опција еден наставник да наведе најмногу три обуки.

Според добиените податоци, обуките најчесто биле реализирани очи-во-очи, односно во форма на семинар, работилница или предавање со времетраење од еден до два дена. Во Табелата бр. 24 се наведени обуките што наставниците ги оцениле како полезни, од аспект на тоа дека за време на обуките имало размена на искуства/добри практики односно интерактивен начин на работа, како и дека се обработувале релевантни содржини (Табела бр. 24).

**Табела бр. 24 Што им се допаднало на наставниците во обуките на кои учествувале во изминатите 3 години**

| Категории на одговор | Број | Процент |
|---|---|---|
| Размена на искуства/добри практики | 30 | 28,3 |
| Корисни/релевантни содржини | 22 | 20,8 |
| Интерактивен начин на работа | 22 | 20,8 |
| Стручни предавачи/водители обучувачи | 16 | 15,1 |
| Дружење со колегите | 12 | 11,3 |

*(Процентот на одговори во секоја категорија одговори е пресметана од вкупниот број испитаници=106)*

Она што наставниците го очекуваат од обуките е да се даваат повеќе примери и да има повеќе вежби/активности.

**Табела бр. 25 Што би измениле наставниците во обуките на кои досега учествувале во изминатите 3 години**

| Категории на одговор | Број | Процент |
|---|---|---|
| Да се даваат повеќе примери | 26 | 24,5 |
| Да имаме повеќе вежби/активности | 18 | 17,0 |
| Содржината да биде посоодветна | 11 | 10,4 |
| Организацијата да биде подобра | 11 | 10,4 |
| Предавачите/обучувачите да бидат стручни | 6 | 5,7 |
| Друго (дополнете)* | 1 | 0,9 |

*(Процентот на одговори во секоја категорија одговори е пресметана од вкупниот број на испитаници=106)*

Поконкретно, во дискусиите во фокус-групите наставниците истакнаа дека сакаат почести обуки, подолготрајни, интердисциплинарни, засновани на емпирија и проследени со прирачник за наставници. Тие нагласуваат дека покрај обуките што се однесуваат на содржинските аспекти на програмата, потребни се и обуки за современите методи и техники на настава, но не општи и парцијални, туку длабински.

***„Потребни се обуки за методи, техники и начини на реализација на настава, но не таков вид на обуки што ги организира Бирото за развој на образованието преку акредитација за современи методи и техники. Таквите обуки се непотребни, бидејќи се многу воопштени, на ниско ниво и сувопарно. Потребни се подобро подготвени обуки, концизни, содржајни.“***

***„Потребни се почести обуки, а добро би било да има прирачник за наставници со конкретни разработени методи и активности.“***

***„Обуката за модуларната програма траеше еден ден и не беше доволна за поддршка на наставниците за планирање и реализација на програмата.“***

***„Треба да има почести обуки бидејќи предметот црпи сознанија од повеќе науки, историчарот реализира настава од историски аспект, социологот од социолошки аспект и со тоа настануваат дискрепанци. Треба да има обука за сите теми (модуларни единици) и секако не се на одмет обуки за интерактивни методи и техники.“***

# 5. СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ОД НАОДИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## МИСЛЕЊА ЗА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Според учениците, предметот Граѓанско образование е многу корисен за нивниот секојдневен живот. Половина од анкетираните ученици смета дека во средното образование треба да се изучуваат содржини од граѓанско образование, додека 26,5 % од учениците сметаат дека треба да се изучува како посебен наставен предмет. Овој процент се должи на позитивните процени од учениците што работеле според модуларната програма, како и на позитивните процени од учениците од средните стручни училишта. Само една петина од учениците во гимназиските паралелки ја преферираат оваа форма на изучување на граѓанското образование.

Во однос на тоа што треба да се научи по граѓанско образование, учениците на прво место ги издвоиле знаењата за „правата и нивната заштита“ (53,3 %), а на последно вештините „како да размислуваме и да извлекуваме заклучоци“ (18 %). Учениците, во најголем дел, не ја согледуваат практичната примена на предметот за развивање на вештини, вредности и однесувања. Перцепцијата на предметот е главно како механизам за стекнување знаења. Овој заклучок повеќе се однесува на учениците во гимназиските паралелки, споредено со учениците што работеле по модуларно дизајнираната програма.

Од друга страна, учениците сакаат да учат содржини што подразбираат стекнување практични вештини за живеење. Тие истакнале дека најмногу би сакале да учат за хуманост, здраво живеење и комуникација, а најмалку за тоа како е организирана власта во Република Северна Македонија и за изборите и демократските процеси во општеството.

Наставниците, како и учениците, сметаат дека начинот на изучување на граѓанското образование треба да биде преку посебен наставен предмет во сите средни училишта (63,2%). Според нив, граѓанско образование е потребно за учениците да научат како да се вклучат во подобрување на заедницата (70,8%), како и за своите права и нивна заштита (67%).

Наставниците имаат потреба од поддршка за реализирање на содржините: власта во функција на граѓаните, општествената улога на државната и на јавната администрација, граѓанинот и одржливиот развој, граѓанските организации и групите на застапување, справување со конфликти, контрола на однесувањето, граѓанинот како потрошувач и штедач; што е очекувано имајќи предвид дека тие во најголем дел се новина во предметот.

Дополнително, наставниците предлагаат во наставната програма за предметот Граѓанско образование да се вклучат и следните теми: општествени движења, историја на општествените системи и колективно дејствување. Ова се важни теми, според наставниците, за да се сфатат општествените процеси во граѓанското образование.

## МЕТОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И ПОДДРШКА НА УЧЕЊЕТО

Според одговорите на учениците, наставниците ги користат активните методи на учење, но бидејќи за новата модуларна програма по предметот Граѓанско образование нема учебник ниту водич за учениците, наставниците имаат тенденција да го диктираат најважното, планот за часот и дефинициите.

При вреднување на начините на учење што најмногу ги преферираат, учениците најдобро ги рангирале следните методи: посета на институции и организации, гледање снимени материјали, видеа на ТВ или на Интернет и дискутирање на теми предложени од учениците. Најмалку посакувана метода за нив е кога ќе добијат за задача да подготват и да предаваат лекција на часот.

Според наставниците, дискусијата на теми предложени од учениците е метода што е најмногу применлива за часовите по пред-

метот Граѓанско образование, по што следува работењето во мали групи или парови, па гледањето снимени материјали и дискутирање. Како најмалку применливи наставниците ги издвоиле методите што учениците ги посакуваат и кои вклучуваат активности надвор од училницата (посета на институции и организации), како и методите што подразбираат ангажирање на учениците во активности за подобрување на заедницата.

Различни се перцепциите на наставниците и на учениците за тоа дали секогаш може слободно да го искажат мислењето без да бидат критикувани. Наставниците сметаат дека учениците се слободни, но учениците немаат такво чувство, бидејќи според нив, на часовите нема секогаш време за дискусии. Следствено, поголемиот број уче-ници немаат чувство дека наставниците ги поттикнуваат на активно учество, а другите сметаат дека тоа се случува понекогаш.

## МИСЛЕЊА ЗА УЧЕБНИЦИТЕ И ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ/РЕСУРСИ

Бидејќи за новата модуларна програма нема учебник ниту прирачник, наставн- иците имаат тенденција да наоѓаат и да комбинираат материјали самостојно (од прирачниците за животни вештини, Водичот за ученици за Граѓанско образование за осмо одделение, стари учебници за Граѓанско образование и друго) и да ги диктираат основните работи што треба да ги меморираат учениците. Учениците сметаат дека ако има учебник, часовите ќе станат поинтересни и ќе се ослободи време за дискусии и истражувања, со оглед на тоа дека нема да се губи време на диктирање. Покрај учебник, учениците би сакале да го изучуваат граѓанското образование од видеа/филмови, содржини од Интернет, весници/списанија, енциклопедии, книги.

Ставот на наставниците е дека во учебникот што се користел за реализација на старата програма по предметот Граѓанско образование, дел од темите и поимите/дефинициите се застарени, проблематични или збунувачки. Поради тоа, наставниците имаат потреба од дополнителни материјали, вклучително и онлајн ресурси, прирачници за реализација на наставните содржини со креативни работилници, кратки видеа, работни листови, дополнителна литература и сл.

## УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

Само еден од пет од анкетираните ученици одговорил дека има учествувано во активности за подобрување на заедницата во која живее (на пример: еколошки, хуманитарни и уметнички акции), што е еден од показателите за нивна подготвеност за граѓанско ангажирање.

Наставниците сметаат дека можат да го поддржат стекнувањето граѓански компетенции преку: поттикнување на учениците да се вклучуваат во работа на различни здруженија/организации, како и преку охрабрување на учениците да учествуваат во работата на ученичката заедница.

Сепак, според учениците, повеќето наставници не ги поттикнуваат да ги разберат проблемите со кои се соочува заедницата во која учат и живеат, да размислуваат за решенија на проблемите и да се вклучат во активности во локалната заедница, иако кај учениците постои голем интерес за вакви начини на ангажирање во заедницата.

## ОБУКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Досегашната наставна практика, повеќе отколку студиите, ги имаат оспособено наставниците со знаење и со разбирање на содржините од граѓанското образование, а најмалку за умеење да се најдат соодветни извори/материјали за поддршка на наставата и учењето (материјали за наставниците и материјали за учениците).

Во текот на изминатите три години, 44 % од наставниците посетувале обука директно или индиректно поврзана со предметот Граѓанско образование. Она што им се допаднало на наставниците за време на обуките е размената на искуства/добри практики, а би сакале обуките да содржат повеќе примери, да има повеќе вежби/активности и содржината да биде посоодветна.

Мнозинството наставници сакаат обуки за користење современи методи на настава, како и конкретни вежби за реализирање на содржините од наставната програма преку современи наставни техники. Дополнително, на наставниците им требаат обуки за користење на Интернетот како ресурс, обуки за методи на оценување и за зголемување на постигањата кај учениците преку соодветно поучување (креативни работилници), како и стручни/специјализирани обуки за определени наставни содржини.

# 6. ПРЕПОРАКИ

## НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

- Пристапот на изучување на граѓанското образование во средните училишта треба да се ревидира, а програмите треба да се усогласат со документот за Граѓански компетенции. Потребно е програмите во својата структура да содржат:
    - резултати од учењето што ќе се базираат на основните граѓански компетенции (знаења, вештини, ставови, вредности, граѓанско однесување) што треба да ги развијат учениците;
    - содржини и поими што ќе треба да ги усвојат учениците;
    - активности и методи што ќе поттикнат активно учество на учениците во процесот на усвојување на граѓанските компетенции;
    - критериуми за оценување односно стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето.
- За реализација на содржините од наставната програма што имаат за цел да поттикнат учество на учениците во активности за подобрување на заедницата, потребно е да им се даде поддршка на средните училишта во процесот на планирање и развивање на сеопфатен пристап. Потребна е обука и соодветна поддршка за вклучување на сите субјекти во училиштето (раководен кадар, стручна служба, наставници, ученици) во планирање и во реализација на акции за теми што се од голема важност за заедницата, здравјето и за животната средина, но и за осетливи теми како што се, на пример, ризичните однесувања и насилството и, воопшто, темите што бараат донесување одлуки за сопствениот живот и животен стил и кои може да придонесат кон подобрување на условите во заедницата.
- Фондот на часови да изнесува 2 часа неделно.

## МЕТОДИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

- Треба да се намали зачестеноста на „предавачко-диктирачкиот" приод во наставата и да се зголеми користењето интерактивните методи. Целата настава треба да биде подемократска за да може учениците да учат искуствено, односно повеќе да учат од она што се прави отколку од она што се предава на часовите.
- Наставниците да креираат услови во кои гласот на учениците ќе се слуша и ќе се почитува во училницата. Овој процес може да се стимулира со примена на различни методи, како на пример: дебати за различни политички прашања, дискусии и дебати за контроверзни прашања поврзани со животната средина, разлики по однос на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло, образование, религија или верско уверување; симулации на избори; симулација на политичка кампања; парламент; судења; дефинирање и користење правични постапки за одлучување помеѓу повеќе опции, пробување различни улоги преку игра и симулации, како на пример, експериментирање со позиции на моќ (ден како градоначалник), правото на слободен говор (симулација на работата на новинарите) и слично.
- Учењето преку проекти е важен метод во остварувањето на целите од граѓанско образование бидејќи овозможува стекнување граѓанските компетенции преку користење различни ресурси и различни начини на собирање, класифицирање и презентирање на податоците, т.е. интеграција на знаења и вештини од различни области и предмети. Проектите може да бидат дел од изучување на наставните содржини, но, исто така, може да претставуваат начин на разработка и на преземање акции за теми што се од голема важност за здравјето, животната средина и заедницата, како и за осетливи теми како што се, на пример, ризичните однесувања и насилството и воопшто, темите што бараат донесување одлуки за сопствениот живот и животен стил, и кои можат да придонесат кон подобрување на условите во заедницата.
- Учениците треба редовно да добиваат квалитетна повратна информација од наставниците (каде што тоа не е случај), што ќе придонесува за поквалитетно учење.

## УЧЕБНИЦИ, ПРИРАЧНИЦИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ МАТЕРИЈАЛИ

- Потребно е да се изготви учебник усогласен со новата наставна програма, како и со развојните потреби и интереси на учениците. Треба да содржи повеќе активности што ќе поттикнат активно учество на учениците, рефлексија за фактите што се учат, како и за нивната сложеност и поврзаност, критичко мислење и развивање лични значења за фактите и податоците, одговорно донесување одлуки и преземање акции во контекст. Ваквото учество овозможува да се развиваат независноста и автономноста на учениците и потенцијалот за справување со комплексните влијанија во нивните животи и светот пошироко.

- Потребно е да се изготват прирачници за реализација на наставата со користење интерактивни методи и креативни работилници што ќе им дадат идеи и поддршка на наставниците во планирањето и во реализацијата на настава што ќе избегнува пренесување готови знаења и пораки за тоа како би требало да се постапува во определени ситуации, туку ќе опфаќа развивање компетенции што ќе им овозможат на учениците да носат информирани одлуки и да постапуваат одговорно.

- Потребно е вклучување на различни медиуми во наставата (електронски, печатени и сл.), кратки видеа, филмови, содржини од Интернет (весници, списанија, енциклопедии, книги) бидејќи им помагаат на учениците да дојдат до релевантни информации за тековните настани/случувања во заедницата. Дополнителните материјали може да ги зголемат можностите за учење, го поддржуваат стекнувањето знаење, го подобруваат разбирањето на материјата, будат интерес, ја зголемуваат мотивацијата и придонесуваат за позитивни ставови спрема учењето.

## ОБУКИ И СТРУЧНА ПОДДРШКА

- Наставниците треба да добијат дополнителна обука со подолго траење што ќе се однесува на содржините за секоја од модуларните единици одделно. Притоа, особена поддршка им е потребна за реализација на содржините како што се: власта во функција на граѓаните, општествената улога на државната и на јавната администрација, граѓанинот и одржливиот развој, граѓанските организации и групите на застапување, справување со конфликти, контрола на однесувањето, граѓанинот како потрошувач и штедач.

- Потребни се обуки и поддршка на наставниците за поттикнување на учениците за предлагање и преземање иницијативи со цел подобрување на заедницата (училишна и пошироко).

- Потребни се обуки на наставниците за примена на современи интерактивни методи во наставата. Наставниците треба да се обучат за тоа како да креираат поттикнувачка и кооперативна атмосфера на часовите, во која учениците ќе имаат можност активно да се вклучат во текот на целиот процес преку: предлагање идеи, поставување прашања, давање одговори, решавање проблеми, истражување, односно преку цртање, пишување, движење, драматизација, игри итн.

- Наставниците треба да се обучат/да добијат поддршка за користење различни методи на оценување, вклучително и техники на самостојно оценување и врсничко оценување како особено пригодни за развивање вештини за самонасочено учење.

## ПРОВЕРКА НА ПОСТИГАЊАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД УЧЕЊЕТО ПО ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

- Учениците во текот на наставата треба да се следат и да се вреднуваат според нивното постигање на стандардите дадени во наставната програма за секој резултат од учењето (тие опишуваат што се очекува од ученикот да направи за да покаже дека е постигнат резултатот од учењето).
- Во текот на наставата да се следат активностите за учење, мотивираноста за учење, соработката со другите, критичкиот однос кон наученото и творечкиот однос кон наученото, односно градењето свои ставови и размислувања за одредени прашања од наставниот материјал. Тие сознанија да се користат за поддршка на учениците во учењето. Притоа да се користат различни стратегии и техники за формативно оценување, вклучувајќи ги и самостојно оценувањето и врсничкото оценување.
- На оценката не треба да влијаат ставовите на учениците за определени општествени прашања, туку се оценува оспособеноста за анализа, интерпретација и евалуација.
- Секој ученик/-чка треба редовно да е информиран за своите постигања, како и неговите/нејзините родители. Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и за учењето.

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1 - Училишта од кои е земен примерокот на ученици во истражувањето

| Средно училиште | Место |
|---|---|
| Ацо Рускоски | Берово |
| Државно музичко училиште | Битола |
| Јане Сандански | Битола |
| Јосип Броз Тито | Битола |
| Таки Даскало | Битола |
| Богданци | Богданци |
| Јовче Тесличков | Велес |
| Коле Неделковски | Велес |
| Јосиф Јосифовски | Гевгелија |
| Гостивар (гимназија) | Гостивар |
| Гостивар (медицинско средно училиште) | Гостивар |
| Методија Митевски - Брицо | Делчево |
| Илинден | Илинден, Скопје |
| Киро Спанџов - Брко | Кавадарци |
| Дрита | Кичево |
| Мирко Милески | Кичево |
| Ѓорче Петров | Крива Паланка |
| Наце Буѓони | Куманово |
| Св. Наум Охридски | Македонски Брод |
| Ванчо Питошевски | Охрид |
| Св. Наум Охридски | Охрид |
| Кузман Јосифовски Питу | Прилеп |
| Ристе Ристески - Ричко | Прилеп |
| Цар Самоил | Ресен |
| Кочо Рацин | Свети Николе |
| 8 Септември | Скопје |
| Арсени Јовков | Скопје |
| Боро Петрушевски | Скопје |
| Владо Тасевски | Скопје |
| Ѓеорги Димитров | Скопје |
| Димитар Влахов | Скопје |
| Здравко Цветковски | Скопје |
| Зеф Љуш Марку | Скопје |
| Илија Николовски - Луј | Скопје |
| Јосип Броз Тито | Скопје |
| Кочо Рацин | Скопје |
| Лазар Личеновски | Скопје |
| Лазар Танев | Скопје |
| Михајло Пупин | Скопје |
| Панче Караѓозов | Скопје |
| Д-р Ибрахим Темо | Струга |
| Нико Нестор | Струга |
| Никола Карев | Струмица |
| 7 Марси | Тетово |
| 8 Септември | Тетово |
| Моша Пијаде | Тетово |
| Никола Штејн | Тетово |
| Јане Сандански | Штип |
| Коле Нехтенин | Штип |
| Славчо Стојменски | Штип |

## ПРИЛОГ 2 - Училишта од кои е земен примерокот на наставници во истражувањето

| Средно училиште | Место |
|---|---|
| Ацо Русковски | Берово |
| Д-р Јован Калаузи | Битола |
| Јане Сандански | Битола |
| Кузман Шапкарев | Битола |
| Таки Даскало | Битола |
| Богданци | Богданци |
| Димитрија Чуповски | Велес |
| Јовче Тесличков | Велес |
| Кочо Рацин | Велес |
| Ванчо Прке | Виница |
| Јосиф Јосифовски | Гевгелија |
| Гостивар (гимназија) | Гостивар |
| Гостивар (економско средно училиште) | Гостивар |
| Гостивар (средно училиште медицинско) | Гостивар |
| Методија Митевски - Брицо | Делчево |
| Крсте П. Мисирков | Демир Хисар |
| Ѓорче Петров | Кавадарци |
| Мирко Милески | Кичево |
| Ѓошо Викентиев | Кочани |
| Љупчо Сантов | Кочани |
| Митко Пенџуклиски | Кратово |
| Ѓорче Петров | Крива Паланка |
| Гоце Делчев | Куманово |
| Наце Буѓони | Куманово |
| Сами Фрашери | Куманово |
| Маврово-Ростуше | Маврово и Ростуше |
| Миле Јаневски - Џингар | Македонска Каменица |
| Св. Наум Охридски | Македонски Брод |
| Св. Кирил и Методиј | Неготино |
| Наум Охридски | Охрид |
| Св. Кирил и Методиј | Охрид |
| Ѓорче Петров | Прилеп |
| Кузман Јосифовски - Питу | Прилеп |
| Мирче Ацев | Прилеп |
| Ристе Ристески - Ричко | Прилеп |
| Коста Сусинов | Радовиш |
| Цар Самоил | Ресен |
| Кочо Рацин | Свети Николе |
| Арсени Јовков | Скопје |
| Браќа Миладиновци | Скопје |
| Васил Антевски Дрен | Скопје |
| Ѓеорги Димитров | Скопје |
| Димитар Влахов | Скопје |
| Здравко Цветковски | Скопје |
| Зеф Љуш Марку | Скопје |
| Јосип Броз Тито | Скопје |
| Кочо Рацин | Скопје |
| Лазар Танев | Скопје |
| Марија Кири Склодовска | Скопје |
| Михајло Пупин | Скопје |
| Никола Карев | Скопје |
| Орце Николов | Скопје |
| Панче Арсовски | Скопје |
| Панче Караѓозов | Скопје |
| Цветан Димов | Скопје |
| Нико Нестор | Струга |
| Димитар Влахов | Струмица |
| Јане Сандански | Струмица |
| Никола Карев | Струмица |
| 7 Марси | Тетово |
| 8 Септември | Тетово |
| Гоце Стојчевски | Тетово |
| Моша Пијаде | Тетово |
| Никола Штејн | Тетово |
| Димитар Мирасчиев | Штип |
| Јане Сандански | Штип |
| Коле Нехтенин | Штип |
| Славчо Стојменски | Штип |

## ПРИЛОГ 3 - Примерок на ученици претставен според вид/профил на образование (гимназиско/стручно)

| Вид/профил на образование (гимназиско/стручно) | Број | Процент |
|---|---|---|
| Гимназија | 115 | 15,7 |
| Електротехничка | 124 | 16,9 |
| Економска (правна и трговска) | 101 | 13,8 |
| Здравствена | 79 | 10,8 |
| Градежно-геодетска | 62 | 8,5 |
| Машинска | 53 | 7,2 |
| Угостителско-туристичка | 41 | 5,6 |
| Сообраќајна | 28 | 3,8 |
| Текстилно-кожарска | 6 | 0,8 |
| Спортска гимназија | 5 | 0,7 |
| Земјоделско-ветеринарна | 4 | 0,5 |
| Геолошко-рударска  и металуршка | 1 | 0,1 |
| Графичка | 4 | 0,5 |
| Хемиско-технолошка | 2 | 0.3 |
| Прехранбена | 1 | 0,1 |
| Не одговориле | 107 | 14,6 |
| **Вкупно одговори** | **733** | **100** |

## ПРИЛОГ 4 - Примерок на наставници претставен според вид/профил на образование (гимназиско/стручно) во кое предаваат

| Вид/профил на образование (гимназиско/стручно) | Број | Процент |
|---|---|---|
| Гимназија | 25 | 14,7 |
| Економска (правна и трговска) | 18 | 10,6 |
| Текстилно-кожарска | 17 | 10 |
| Електротехничка | 17 | 10 |
| Здравствена | 16 | 9,4 |
| Сообраќајна | 11 | 6,5 |
| Машинска | 11 | 6,5 |
| Угостителско-туристичка | 9 | 5,3 |
| Земјоделско-ветеринарна | 8 | 4,7 |
| Хемиско-технолошка | 8 | 4,7 |
| Лични услуги | 7 | 4,1 |
| Геолошко-рударска  и металуршка | 6 | 3,5 |
| Градежно-геодетска | 5 | 2,9 |
| Графичка | 5 | 2,9 |
| Спортска гимназија | 4 | 2,4 |
| Прехранбена | 3 | 1,8 |
| **Вкупно одговори** | **170*** | **100** |

**Примерокот го сочинуваат 106 наставници, но добиени се 170 одговори, бидејќи еден наставник може да предава во повеќе струки.*

